РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# Извештај за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 01.01.2011 – 31.12.2011 година

**Скопје, Мај 2012 година**

# I. ВОВЕД

Определбата на Република Македонија за пристапување во Европската Унија (ЕУ) и должностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ја утврдуваат потребата за усогласување на националното законодавство од областа на безбедноста на храната со соодветното ЕУ Acquis, како и негова целосна имплементација во секторот храна.

Поглавјето 12 од Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, преку соодветните надлежни органи одговорни за безбедност на храната во Република Македонија, детално ја разработува оваа област, почнувајќи од примарното производство на храна до нејзината употреба од страна на крајниот потрошувач.

Со одредени број легислативни акти (опфатени со Поглавјето 12), Европската Унија го дефинира системот на безбедност на храна како единствен систем од фарма до трпеза, со покривање на сите сектори на ланецот на исхрана, вклучително и производството на добиточна храна и исхрана на животните, примарното производство, преработката на храната, складирањето и дистрибуцијата, здравствената заштита и благосостојба на животните.

Од тука, Управата за ветеринарство (која до 31.12.2010 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство) **со донесување на Законот за безбедност на храната** ("Службен весник на Република Македонија" бр.157/10), **од 01 јануари 2011 година, се инкорпорира во Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија** (во натамошниот текст АХВ) заедно со Дирекцијата за храна (која до 31.03.2010 година беше орган во состав на Министерството за здравство). Со ова се заврши уште една активност, формирање на независна институција за ветеринарство и безбедност на храна која ќе делува како единствен надлежен орган за областите кои се предмет на Поглавјето 12, согласно ЕУ Acquis, со што ќе се реши проблемот со преклопување на надлежностите од една страна и оптимално користење на достапните средства во однос на вработувања, опрема и објекти од друга страна.

АХВ е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, и е надлежен орган за вршење на работите во областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лаборатории кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

АХВ конторолните системи во интегрираниот систем на контрола на храна ги класифицира во 11 области меѓу кои: Контролен систем за храна од животинско потекло (Control system for food of animal origin); Контролен систем за увоз на храна од животинско потекло (Control system for imports of food of animal origin); Контролен систем за генерална безбедност на храната (Control system for general

food hygiene); Контролен систем за увоз на храна од растително потекло (Control system for imports of food of plant origin); Контролен систем за пестициди (Control system for pesticides); и Контролен систем за благосостојба на животните (Control system for animal welfare).

Согласно Правилникот за систематизација на работните места, во состав на АХВ функционираат 7 (седум) сектори и тоа: Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, Сектор за ветеринарно јавно здравство, Сектор за храна од неживотинско потекло, Сектор за гранична инспекција, Сектор за ЕУ и меѓународна соработка, Сектор за правни и административни работи, како и Сектор за стручна подршка.

## II. СЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

### II.1 Одделение за здравствена заштита на животните

Одделението за здравствена заштита на животните ги спроведува активностите предвидени согласно надлежностите во насока на подобрување на здравствената состојба на животните, спречување на појава и контрола на болестите кај животните особено на тие болести кои се пренесуваат на луѓето (зоонози).

### Бруцелоза и Туберкулоза кај говедата

Во 2011 година, се продолжи со спроведување на активностите согласно донесените Програми за сузбивање и искоренување на Бруцелозата и Туберулозата кај говедата (Службен весник на РМ бр. 22/2007). Редовните годишни дијагностички испитувања за Бруцелоза се вршат кај сите говеда постари од шест месеци, а за Туберкулоза кај сите говедата постари од шест недели со единечен интракутан тест, додека ретестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваа во текот на годината. Резултатите од спроведените дијагностички испитувања на Бруцелоза и Туберкулоза кај говедата се дадени подолу во табела 1 и 2.

Табела 1. Резултати од спроведени дијагностички испитувања на **Бруцелоза** кај говедата

| Година | Бр. на тестирани животни | Позитивни животни | % на позитивни животни | Позитивни стада | Одземени животни |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 168.682 | 663 | 0.39 | 78 | 665 |
| 2011 | 147.615 | 225 | 0,15 | 66 | 229 |

Во споредба со претходната година, забележано е подобрување на епизоотиолошката состојба со Бруцелозата кај говедата.






Табела 2. Резултати од спроведени дијагностички испитувања на **Туберкулоза кај говедата**

| **Болест** | **Број на тестирани животни** | **Позитивни животни** | **% на позитивни животни** | **Позитивни стада** | **Одземени животни** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 187.276 | 393 | 0.21 | 230 | 382 |
| **2011** | 182.784 | 207 | 0,11 | 116 | 189 |

Поради недостаток на финансиски средства потребни за завршување на дијагностичката постапка, но пред се за компензација на одземените говеда заболени од Туберкулоза, во Тетовскиот регион не е завршена постапката за утврдување на позитивните животни. Оваа постапка продолжи да се спроведува во 2012.

**<u>Бруцелоза кај овците и козите</u>**

Согласно програмата за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај овци и кози (Службен весник на РМ број 46/2010), во 2011 година се спроведуваа мерки каде во зависност од статусот на болеста, односно од присустноста на болеста на ниво на стада се имплементираат мерки на масовна вакцинација, вакцинација на подмладокот или тестирање и колење на возрасните животни. Исто така, спроведено е серолошко испитување на вакцинираните животни со цел проверка на успешноста на вакциналната кампања.

Со овој пристап се успеа драстично да се намали бројот на позитивни стада и вкупниот број на позитивни животни во државата. Тоа резултираше и со драстично намалени финансиски средства кои претходно беа исплаќани по основ на тестирање на животните и компензација за одземените заболени животни.

Табела 3. Состојба со Бруцелозата кај овците и козите од почетокот на примената на вакцинација

| Бруцелоза | Тестирани стада | Позитивни стада | % на позитивни стада | Тестирани животни | Позитивни животни | % на позитивни животни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 5.820 | 636 | 10,93% | 626.748 | 16.052 | 2,56% |
| 2009 | 6.522 | 712 | 10,92% | 653.863 | 11.256 | 1,72% |
| 2010 | 5.312 | 171 | 3,22% | 422.752 | 2.865 | 0,68% |
| 2011 | 4.545 | 80 | 1,76% | 362.662 | 1.312 | 0,36% |







Како директен резултат од спроведените мерки за контрола на болеста кај животните, бројот на заболени луѓе од *Brucela melitensis* е исто така видливо намален.

| Година | Болест | Вид на животно | Пристигнати средства за исплата на надомест | Исплатени средства за надомест на штета заклучно со 30.04.2012 година | Останува за исплата |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | Бруцелоза | овци/кози | 18.430.093,00 | 17.923.543,00 | 506.550,00 |
| | Бруцелоза | говеда | 15.445.522,00 | 14.922.522,00 | 469.000,00 |
| | Туберкулоза | говеда | 5.067.740,00 | 4.611.320,00 | 456.420,00 |
| | Американска чума на пчелно лелго | пчели | 496.740,00 | 496.740,00 | 0,00 |
| **вкупно за 2010 година** | | | **39.440.095,00** | **37.954.125,00** | **1.431.970,00** |
| 2011 | Бруцелоза | овци/кози | 6.432.291,00 | 1.623.421,00 | 4.808.870,00 |
| | Бруцелоза | говеда | 13.254.935,00 | 7.122.090,00 | 6.132.845,00 |
| | Туберкулоза | говеда | 17.165.310,00 | 10.707.145,00 | 6.458.165,00 |
| | Американска чума на пчелно лелго | пчели | 1.191.500,00 | 666.500,00 | 525.000,00 |
| **вкупно за 2011 година** | | | **38.044.036,00** | **20.119.156,00** | **17.924.880,00** |

*Табела 4. Број на заболени луѓе од Brucela melitensis*

| Година | Број на заболени луѓе |
|---|---|
| 2008 | 485 |
| 2009 | 287 |
| 2010 | 163 |
| 2011 | 96 |



## Западно нилска треска

Во периодот од септември до декември 2011 година, Агенцијата за храна и ветеринарство превзеде активности со цел утврдување на епидемиолошката состојба со болеста Западно Нилска треска кај домашната живина и коњите. Во мониторингот беа опфатени по две населени места од секоја општина. Мострите се испитуваа во лабораторијата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, каде од направените тестови утврдени се вкупно 10 позитивни копитари и 36 позитивни единки од домашна живина. Потврдените случаи на болеста Западно Нилска треска кај домашната живина и коњите се пријавени во Светската организација за здравствена заштита на животните (OIE). Податоците за присуство на оваа болест во Република Македонија се потврдени и од страна на Министерството за здравство – Институт за јавно здравје, преку евидентирање на ова заболување кај луѓето, при што во 2011 година се евидентирани 2 позитивни случаи.

## Беснило

Во текот на 2011 година, Одделението за здравствена заштита на животните во рамките на проектот "Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на Acquis на Европската Унија во Република Македонија", финансиран од инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА - 2008) кој започна во август 2010 година, спроведуваше активности за зајакнување на контролата на беснило и класична чума кај свињите.

Во рамките на активностите за контрола и искоренување на беснилото во Македонија реализирани се следните активности:

### *Орална вакцинација на лисиците против беснило*

Оралната вакцинација на лисиците е единствен успешен начин на искоренување на беснилото кај дивите лисици. На овој начин, болеста е успешно искоренета во сите земји на западна и средна Европа каде болеста била присутна (Франција, Германија, Австрија, Полска итн.).

Како дел од активностите за контрола и искоренување на болеста во Македонија се спроведе и орална вакцинација на лисиците. Досега се реализирани две кампањи:

- Прва (пролетна) кампања - 19.05.2011 - 09.06.2011 година; и
- Втора (есенска) кампања – 11.10.2011 - 31.10.2011 година.

Вакциналните мамки кои се користеа во спроведените кампањи беа Fushsoral SAD B19, IDT, Германија. Мамците се дистрибуираа на целата територија на Република Македонија со исклучок на населени места, водени површини и високи планински врвови. Вакциналните мамки се дистрибуираа со авиони со фиксни крила од типот Цесна и Цитабрија, со растојание помеѓу линиите на летање од 500-600 метри и густина на мамките од 21.6/км$^2$. Дистрибуирани се по 500.000 мамци на

повеќе од 25.000 км$^2$ по кампања. Вакциналните мамци се набавени со средства и постапка спроведена од страна на Делегацијата на Европската Комисија во Скопје.

*Мониторинг на оралната вакцинација на лисиците против беснило*

По секоја спроведена кампања, Агенцијата за храна и ветеринарство спроведе пост вакцинален мониторинг заради контрола на успешноста на оралната вакцинација. За таа цел, Агенцијата склучи договори со ловните друштва-концесионери на ловиштата во Република Македонија за застрелување на одреден број лисици (4 лисици на 100км$^2$ годишно) и земање мостри за лабораториско испитување, со цел контрола на успешноста на оралната вакцинација.

За одредување на стапката на конзумацијата на вакцинални маки, се вршеше детекција на тетрациклин во забите од застреланите лисици, додека за одредување на стапката на имунизација се вршеше детекција на присуство на антитела во крвта од застреланите лисици.

Резултатите од мониторингот се прикажани во следната табела:

| | Испитани | Позитивни | Негативни | % |
|---|---|---|---|---|
| Тетрациклин (прва кампања) | 77 | 29 | 48 | 38% |
| Тетрациклин (втора кампања) | 104 | 96 | 8 | 92% |
| Антитела (прва кампања) | 45 | 4 | 41 | 9% |
| Антитела (втора кампања) | 25 | 14 | 11 | 56% |

*Зајакнување на капацитетите на лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје*

Како дел од националното учество во спроведувањето на ИПА проектот, набавена е и инсталирана лабораториска опрема и потрошен материјал, како и хемикалии и реагенси потребни за дијагностичко испитување на беснило и класична чума кај свињите во вредност од околу 200.000 евра.

Валидирани се нови дијагностички методи како тест за детекција на биомаркери и ЕЛИСА тест за серолошко испитување на мостри од лисици.

*Зајакнување на надзорот на беснило*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните, ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани лисици и волци за испитување на присуство на вирусот на беснило.

Во периодот од 16.10.2011 до 31.12.2011 година, во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство се спроведоа серија контроли на ловните друштва, како и едукација на ловџиите за важноста на пријавувањето на сите застрелани, угинати и удрени од возило лисици и волци како и сите животни со сомнително (невообичаено) однесување со цел детекција на вирусот на беснило. Истовремено, беа дистрибуирани промотивни материјали во печатена и електронска форма како и опрема за земање мостри.

Благодарение на извршените контроли, кампањата за подигнување на јавната свест на населението (што е беснило и како да препознаат и пријават животни со сомнително однесување) и реализираните обуки, на 26.07.2011 година Агенцијата за храна и ветеринарство го регистрираше првиот случај на беснило кај дивите животни (лисица). До крајот на годината беа регистрирани вкупно 6 случаи на беснило кај дивите животни во регионите на Велес, Виница, Гевгелија и Македонска Каменица.

Исто така, евидентно е зголемувањето на бројот на испитани мостри за утврдување на болеста. Бројот на испитани примероци за детекција на вирусот на беснило е прикажан во следната табела:

| **Вид** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012*** |
|---|---|---|---|---|
| Лисица | 18 | 5 | 183 | 79 |
| Волк | 53 | 37 | 87 | 43 |
| Куче | 3 | 0 | 5 | 2 |
| Друго | 1 | 3 | 0 | 4 |
| **Вкупно** | **75** | **45** | **275** | **128** |

*заклучно со 24.02.2012

*__Национален комитет за контрола на беснило__*

На 21.03.2011 година, формиран е Национален комитет за контрола на беснило во кој членуваат претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство, Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје - Скопје, Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, Секторот за полиција при Бирото за јавна безбедност, Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, Министерството за образование, Ветеринарната комора на Република Македонија и Ловечката федерација на Р.Македонија.

Националниот комитет за контрола на беснило ги има следните надлежности: следење на имплементацијата на националниот план за контрола на беснило, координација на активностите и превенција на беснило, следење на активностите од програмата за орална вакцинација на лисиците против беснило (надзор и мониторинг) како и советување на Директорот на Агенцијата за храна и

ветеринарство по однос на активностите за контрола на беснилото. На 23.03.2011 година одржан е првиот работен состанок.

*<u>Подигнување на јавната свест за беснило</u>*

Со цел подигнување на јавната свест во однос на беснилото и запознавање на пошироката јавност за ризикот од болеста и мерките кои треба да се спроведат за контрола на болеста, реализирана е кампања за подигнување на јавната свест за беснилото. За таа цел, изработени се промотивни материјали (постери, брошури) за широката јавност, за децата од училишна возраст (основните и средните училишта), ловџиите, ветеринарите и хуманите доктори. Промотивниот материјал е дистрибуиран во сите училишта, факултети, амбуланти, болници и други јавни места во Република Македонија, на обуките организирани за различни целни групи, а дел се објавени во печатените медиуми. Одржани се две прес – конференции, додека во текот на мај/јуни и во октомври емитуван е ТВ и радио спот за информирање на јавноста за почетокот на кампањите за орална вакцинација на лисиците против беснило. Исто така, воспоставена е бесплатна телефонска линија за беснило (0800 32222), а граѓаните можат повеќе да информираат за беснилото од интернет страната за беснило: www.besnilo.gov.mk

*<u>Одбележување на Светскиот ден на борба против беснилото - 28 Септември</u>*

Како дел од одбележувањето на Светскиот ден на борба против беснилото - 28 Септември, реализирани се следните активности:

- 30.09.2011 година, Прес-конференција и официјално отварање на Националната референтна лабораторија за дијагностика на беснило при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје;

- 01.10.2011 година, Акција за бесплатна вакцинација на кучињата и мачките против беснило која се одржа во 10 градови во Република Македонија, при што беа вакцинирани повеќе од 2.000 кучиња и мачки.

*<u>Обуки</u>*

Реализирани се серија обуки за различни целни групи инволвирани во контрола на беснилото:

1. 17.01.2011 - 19.01.2011 година, еднодневна обука на ветеринарите, ловџиите и официјалните ветеринари на тема "Запознавање со беснило, имунопрофилакса против беснило и класична чума кај свињите", предавач Флоренс Клике, експерт за беснило, АНСЕС, Европска референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Франција - Цел на обуката е подигнување на свеста кај професионалците за ризикот од појава на овие болести како и начинот и мерките за нивна успешна контрола. Обуката се спроведе во Скопје, Штип и Кичево, присуствуваа повеќе од 200 учесници.

2. 12.04.2011 - 14.04.2011 година, еднодневна обука на ветеринарите, ловџиите и официјалните ветеринари на тема “Орална вакцинација на лисиците и мониторинг на истата“, предавач Флоренс Клике експерт за беснило, АНСЕС, Европска референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Франција. Цел на обуката е запознавање со методите на орална вакцинација на лисиците против беснило и начинот на спроведување на мониторинг на истата на групите кои се вклучени во нејзино практично спроведување како и истакнување на важноста на вакцинацијата на кучињата против беснило и згрижувањето на уличните кучиња за успешна контрола на болеста. На обуката присуствуваа повеќе од 220 учесници.

3. 03.05.2011 - 06.05.2011 година, еднодневни обуки на матичните лекари, епидемиолозите и инфектолозите на тема “Предекспозициона и постекспозициона профилакса против беснило кај луѓето“. Обуките беа организирани во соработка со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Клиниката за инфективни болести, Скопје во Скопје, Битола, Штип, Струмица и Тетово, со повеќе од 800 учесници. Меѓу предавачите беше и Проф.Др. Мери Варел, врвен експерт за имунопрофилакса против беснило од Универзитетот во Оксфорд. Цел на обуката е информирање на докторите по хумана медицина за можните импликаци од дистрибуцијата на вакциналните мамки како и запознавање со начинот на профилакса против беснило кај луѓето.

4. 20.06.2011 - 24.06.2011 година, еднодневна обука за ловџиите и ловочуварите на тема “Земање мостри за контрола на оралната вакцинација на лисиците против беснило“, предавач Франк Буе, АНСЕС, Европска референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Франција. Обуката се состоеше од два дела, теоретски и прктичен (застрелување на лисици и земање мостри за лабораториско испитување) со цел практичен тренинг на ловџиите кои ке бидат вклучени во мониторингот на оралната вакцинација на лисиците против беснило за начинот на застрелување и земање мостри од лисиците.

5. 24.08.2011 - 26.08.2011 и 21.10.2011 година, обука на персоналот инволвиран во дијагностика на беснило во лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина, Скопје на тема “Детекција на тетрациклин и одредување на старост на лисиците“, предавач Жан Мишел Демерсон, АНСЕС, Европска референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Франција.

*Изготвување на подзаконски акти за контрола на беснило*

Изготвена е работна верзија на Правилникот за контрола на беснило која треба да се објави во текот на месец април 2012 година.

**Класична чума кај свињите**

Во 2011 година, се продолжи со спроведувањето на задолжителна и масовна вакцинација на свињите во Република Македонија, при што се извршени вкупно

321.251 вакцинации. Овој начин на контрола на болеста не е во согласност со одредбите во Европската Унија каде болеста е целосно искоренета и не се применува превентивна вакцинација. Присутноста на болеста во Македонија, како и превентивната вакцинација како мерка за контрола на болеста не овозможуваат извоз на живи животни и производи од животинско потекло на пазарите на земјите членки на Европската Унија.

Од тие причини, Агенцијата за храна и ветеринарство започна со низа активности за целосно искоренување на болеста од земјата и престанок на превентивната вакцинација. Со оглед дека болеста во голем дел се пренесува и со дивите свињи, важно е да се нагласи дека успешноста на овие активности многу зависи и од епизоотиолошката ситуација со болеста во соседните држави и мерките кои се применуваат за контрола на болеста во соседните држави.

Активностите за целосно искоренување и прекинување со превентивната вакцинација се подпомогнати со проектот “Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на Acquis на Европската Унија во Република Македонија”. Во рамките на овој проект, во текот на 2011 се изведоа повеќе активности кои се сумирани подолу во текстот.

Во наредниот период треба да се превземат мерки за подобрување на биосигурноста на свињарските фарми (во периодот 2012-2013 година), да се подготви план за итни мерки, вклучително со соодветна обука за сите страни вклучени во имплементацијата на овие планови (прва половина на 2012 година), да се направи тнр. „cost-benefit“ анализа за престанокот со превентивната вакцинација (прва половина на 2012 година), да се подготви соодветна законска регулатива (април 2012 година), итн.

Во рамките на  активностите за контрола и искоренување на Класична чума кај свињите во Македонија во 2011 година реализирани се следните активности:

*Мониторинг на вакцинацијата против класична чума кај свињите кај домашните свињи*

Во периодот од 05.09.2011 - 31.12.2011 година, се спроведе контрола на успешноста на вакцинацијата против класична чума кај свињите, преку земање на мостри од свињи на линија на колење, во 12 регистрирани кланици во Република Македонија. Со мониторингот беа опфатени 75 свињарски фарми со големина на мострата од 29 примероци од секоја фарма. Мострите (крвен серум) беа тестирани со ЕЛИСА тест за детекција на присуството на антитела во крвта од свињите.

Притоа беа тестирани вкупно 2002 мостри, од кои 935 (46.7%) покажаа негативен резултат на присуство на антитела. Овие резултати покажуваат дека голем процент од свињите не се заштитени со вакцинација како резултат на несоодветно спроведување на вакцинацијата.

Резултатите се прикажани во следната табела:

| | Број на испитани мостри (крвен серум) | Приказ во проценти (%) |
|---|---|---|
| Позитивни на присуство на антитела | 1.001 | 50% |
| Сомнителни | 66 | 3.3% |
| Негативни | 935 | 46.7% |
| Вкупно испитани | 2.002 | |

Во текот на ноември, спроведени се контроли во 10 свињарски фарми и 4 ветеринарни друштва одговорни за вакцинацијата против класична чума кај свињите. Извршена е контрола на документацијата за вакцинација на фармите и во ветеринарните друштва и евалуација на поставените биосигурносни мерки на фармите. Целта на извршените контроли е откривање на недостатоците и нивно надминување како и собрање информации за изготвување на оперативен прирачник и “cost benefit” анализа за утврдување на стратегијата за вакцинација кај домашните и дивите свињи.

Спроведениот мониторинг на успешноста на кампањата за вакцинацијата против Класична чума кај свињите како и последователните контроли во неколку свињарски фарми и ветеринарни станици, јасно укажува дека вакцинацијата против болеста не се спроведува на посакуваното ниво односно дека резултатите не се доволни за соодветна заштита на популацијата на домашни свињи во Македонија. Во текот на 2012 година, планирано е да се спроведат низа мерки за подобрување на оваа состојба.

*Зајакнување на надзорот на класична чума кај свињите*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните, ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани диви свињи за испитување на присуство на вирусот на класична чума кај свињите.

Во периодот од 16.10.2011 до 31.12.2011 година, во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за храна и ветеринарство спроведе серија контроли на ловните друштва, како и едукација на ловџиите за важноста на пријавувањето и земањето мостри од сите застрелани и угинати диви свињи. Истовремено, беа дистрибуирани промотивни материјали во печатена и електронска форма како и опрема за земање мостри.

Благодарение на горенаведените активности бројот на пријавени мостри за лабораториско испитување беше значително поголем во споредба со претходните години. Бројот на испитани мостри од диви свињи е прикажан во следната табела:

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Диви свињи** | 76 | 72 | 199 | 171 |

Резултатите од испитаните мостри од диви свињи во ловната сезона 2011/2012 се прикажани во следната табела:

| | Серологија | PCR |
|---|---|---|
| **Позитивни** | 34 | 0 |
| **Негативни** | 250 | 33 |
| **Сомнителни** | 8 | 0 |
| **Испитани** | **292** | **33** |

*Изготвување на подзаконски акти за контрола на класична чума кај свињите*

Во фаза на изготвување е работната верзија на Планот за итни мерки и Правилникот за контрола на класична чума кај свињите кој треба да биде објавен во текот на месец април 2012 година.

## *Подигнување на јавната свест за класична чума кај свињите*

Изготвен е и дистрибуиран промотивен материјал (брошури) за ловџиите, ветеринарите и официјалните ветеринари. Одржано е предавање на конференцијата „Денови на ветеринарна медицина "во организација на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, 09.09.2011 - 11.09.2011 година, во Охрид, предавач Ричард Офлерти, експерт за класична чума кај свињите, со цел запознавање на професионалците со општите факти за болеста и мерките кои се превземаат за контрола на истата. Одржано е предавање на Годишното собрание на Ловечката федерација на Македонија, октомври 2011 година, за улогата на ловџиите во спроведувањето на надзорот на класична чума кај дивите свињи со цел зајакнување на истиот.

*Обуки*

17.01.2011 - 19.01.2011 година, еднодневна обука на ветеринарите, ловџиите и официјалните ветеринари на тема "Запознавање со беснило, имунопрофилакса против беснило и класична чума кај свињите", предавач Флоренс Клике, експерт за беснило, АНСЕС, Европска референтна лабораторија за дијагностика на беснило, Франција и Тони Киранџиски, Агенција за храна и ветеринарство.

Цел на обуката е подигнување на свеста кај професионалците за ризикот од појава на овие болести како и начинот и мерките за нивна успешна контрола. Обуката се спроведе во Скопје, Штип и Кичево, присуствуваа повеќе од 200 учесници.

*Други активности на Одделението за здравствена заштита на животните*

Покрај горе наведените активности кои беа приоритетни во однос на спроведувањето во 2011 година, вршени се и други активности во рамките на одделението:

- Испитани се вкупно 32 мостри на Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај говедата. Нема утврдено позитивни резултати.
- Регистрирани се 20 нови ветеринарни друштва, и тоа:
  - 13 ветеринарни амбуланти;
  - 3 ветеринарни клиники;
  - 1 ветеринарна болница; и
  - 3 служби на одгледувалиште.
- Издадени се 69 овластувања за активности од областа на здравствена заштита на животните, и тоа за:
  - 63 ветеринарни амбуланти, клиники и болници; и
  - 6 служби на одгледувалиште
- Издадени 664 сертификати за за извоз на животни

*Ветеринарно информативен систем*

Развојот на Ветеринарниот информативен систем (ВИС) кој започна кон крајот на 2010 година, продолжи и во 2011 година, кога најголемиот дел од предвидените модули беа завршени и се во фаза на тестирање. Тестирањето на ВИС продолжува во текот на 2012 година, кога е потребно да се воспостави целосната интеграција со базата на податоци за идентификација и регистрација на животните и Лабораторискиот информативен систем. На овој начин, ќе се овозможи непречено и навремено разменување на сите информации за различни видови животни и нивниот здравствен статус.

Важна компонента од ВИС е и географскиот информативен систем кој представува моќна алатка за софистицирани анализи и ќе овозможи јасна географска презентација на информациите од ВИС. Друга многу важна карактеристика на ВИС е што тој е прилагодлив на ново настанатите состојби во однос на промена на легислативата и промена во пропишаните процедури преку конфигурирање на постапките од страна на АХВ и без притоа да е потребна интервенција од страна на фирмата која го развивала софтверот. Со започнување на употребата, ВИС ќе представува секојдневно помошно средство во работата на ветеринарните инспектори и воопшто, сите вработени во АХВ бидејќи истиот не

представува само статична база на податоци каде податоците се внесуваат од страна на корисниците, туку со предвидените модули и нивните тнр. бизнис правила ќе представува вистински „организатор“ кој ќе ги предлага, предвидува и контролира исполнителноста на предвидените активности согласно пропишаните процедури.

*<u>Спроведена постапка на јавен конкурс за доделување на овластувања за вршење активности од јавен интерес</u>*

Заради утврдени неправилности и неисполнување на обврските од договорите за извршување на активности за здравствена заштита на животните од јавен интерес, раскинати се договорите помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ветеринарната Болница Скопје за епизоотиолошките единици Центар, Аеродром, Кисела Вода, Чаир, Бутел, Гази Баба, Карпош, Сарај, Драчево, Ѓорче Петров, Чучер Сандево, Зелениково, Студеничани, Сопиште и Ветеринарната Станица Вет Макс Битола за епизоотиолошката единица Битола. По раскинувањето на договорот, отворена е постапка за нов Јавен Конкурс за добивање на дозвола за вршење на ветеринарно здравствена дејност од јавен интерес по прв пат што е објавено во Службен весник на РМ број 42/2011 од 04.04.2011 и дневниот весник “Вечер” за наведените епизоотиолошки единици но и за епизоотиолошките единици Македонски Брод, Росоман и Ресен кои не беа соодветно покриени со услуги за здравствена заштита. По спроведувањето на постапката избрани се ветеринарни друштава со кои е склучен договор за вршење на активности согласно Законот за ветеринарно здравство (Службен весник бр. 113/2001 и 24/2011) за епизоотиолошките единици Битола, Ресен, Зелениково, Студеничани, Сопиште, Сарај, Чучер Сандево и Бутел.

Со оглед дека за останатите епизоотиолошки единици (Ѓорче Петров, Гази Баба, Росоман, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари и Аеродром) не беа добиени понуди и не беа склучени договори за вршење активности за здравствена заштита на животните од јавен интерес, беше спроведена постапка согласно член 42 став 1 од Законот за ветеринарно здравство по што се потпишани договори со ветеринарни друштва кои имаат договори за вршење активности во соседните општини.

## <u>II.2 Одделение за заштита и благосостојба на животните</u>

Во текот на 2011 година, спроведени се следните активности во поглед на заштитата и благосостојбата на животните:

1. Изработен е Правилник за формата и содржината на регистарот на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели, информациите потребни за регистрација и начинот на регистрација. Правилникот е на сила и е објавен во Службен весник на Република Македонија број 161/2011.

2. Изработени се соодветни чек листи за контрола на заштитата и благосостојбата на животните на одгледувалишта во кои се држат говеда, свињи и кокошки несилки.

3. Во текот на 2011 година, претставник од одделението за заштита и благосостојба на животните ги посети подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство и заедно со официјалниот ветеринар изврши контрола во сите одгледувалиште за кокошки несилки, каде се изврши и обука за пополнување на соодветната чек листа врз основа на која одгледувалиштата беа впишани во регистарот на објекти каде се држат животни за фармски цели.

4. Во регистарот се впишани околу 104 живинарски фарми и на сите им е доделен регистарски број на одгледувалиште, односно производен код, и на истите со препорачано писмо им е пратено известување за упис во регистарот.

5. Во текот на 2011 година, изработен е и Правилник за заштита и благосостојба на животните за време на превоз, кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 3/2012 година.

6. Во текот на месец Ноември беше спроведена мисија на FVO (Food and Veterinary Office), претходно и за време на мисијата од страна на одделението за заштита и благосостојба на животните беа направени неопходните подготовки.

7. Тековно се издавани потврди и мислења за ИПАРД програмата, согласно договорот за соработка помеѓу АХВ И АФПЗРР.

***Издадено мислења за усогласеност на проектната документација***

| Ред. Бр. | Назив на субјектот | Архивски број на мислењето | Датум на издавање | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мак месо с.Таринци карбинци | 07-2119/2 | 04.07.2011 | Одгледувалиште за свињи |
| 2. | Жи Ва месо с. Амзабегово | 07-2117/2 | 04.07.2011 | Одгледувалиште за свињи |
| 3. | Бома фарм ДООЕЛ с. Соколарци | 02-1923/2 | 13.06.2011 | Одгледувалиште за говеда |

***Издадено податоци за одгледувалишта***

| Ред. Бр. | Назив на субјектот | Архивски број на листата со податоците | Датум на издавање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 96 Славија трејд с. итолиште | 07-1813/4 | 13.06.2011 | Одгледувалиште за овци и кози |

*Издадено потврди за здравствена состојба*

| Ред. Бр. | Назив на субјектот | Архивски број на потврдата | Датум на издавање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мак месо с. Таринци-карбинци | 07-2118/2 | 04.07.2011 | Одгледувалиште за свињи |
| 2. | Бома фарм ДООЕЛ с. Соколарци | 07-1808/2 | 13.06.2011 | Одгледувалиште за говеда |
| 3. | 96 Славија трејд с. витолиште | 07-1814/2 | 13.06.2011 | Одгледувалиште за овци и кози |
| 4. | Зоралек Маринковиќ с вепрчани прилеп | 07-1808/3 | 13.06.2011 | Пчеларник |
| 5. | Зоралек Маринковиќ с фариш кавадарци | 07-1808/3 | 08.07.2011 | Пчеларник |

*Издадено потврда за усогласеност*

| Ред. Бр. | Назив на субјектот | Архивски број на потврдата | Датум на издавање | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Меди горан ДООЕЛ Велес | 11-950/2 | 04.04.2011 | Одгледувалиште за свињи |
| 2. | Пивко Стево Дооел | 02-3339/2 | 28.09.2011 | Одгледувалиште за говеда |

8. Во текот на 2011 година, им е пружана логистика и е работено заедно со странски и домашни експерти за изработка на повеќегодишни контролни планови и изработка на ветеринарниот информативен систем (ВИС).

## II.3. Одделение за идентификација и регистрација на животните

Со оглед дека Системот за идентификација и регистрација (СИР) на животните од видот говеда, овци и кози е веќе воспоставен, но евидентни се одредени недостатоци во имплементацијата, во 2011 година беа превземани активности за подобрување и подготовка за негово проширување со други видови животни.

Во текот на месеците февруари и март извршени се обуки на официјалните ветеринари со цел подобрување на квалитетот на извршените тнр. „он спот“ контроли кои се вршат на одгледувалишта на говеда со цел утврдување на усогласеноста со одредбите од Законот за идентификација и регистрација на животните и прописите донесени врз основа на овој закон. Исто така, извршени се обуки на ветеринарните друштва кои склучија договор со Агенцијата за храна и ветеринарство за спроведување на активности од јавен интерес.

Заради добивање на експертска помош во проценката на ефикасноста на СИР на животните, во периодот од 20-23 јуни се одржа TAIEX експертска мисија "Евалуација на моменталната состојба на системот за идентификација и регистрација и регистрација на движењата на животните". Препораките од експертите се имплементираат во новиот систем на идентификација и регистрација односно во новата база на податоци која е веќе развиена и во фаза на тестирање. Во насока на подобрување на СИР, покрај овие препораки, во наредниот период ќе се имплементираат и следните мерки:

- Овластување на надлежните ветеринарни друштва за печатење на пасоши и карти за идентификација на одгледувалиште;

- Делегирање на дистрибуција на сите печатени материјали кои се користат во системот за обележување на животните до Ветеринарна комора;
- Овластување на правни лица кои ќе извршуваат обезбедување и дистрибуција на средствата за идентификација до овластените ветеринарни друштва;

- Овластување на фармерите да вршат апликација на средства за идентификација и внос на податоци во електронската база на податоци по претходно одобрување од АХВ.

Резултатите од извршените „он-спот" контроли на СИР за говеда се презентирани во табелата подолу:

| Доделени контроли | Извршени контроли | % на извршени контроли | Неажурни одгледувачи | % на неажурни одгледувачи | Изречени решенија | Не постапиле по решение | Казнени мерки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.535 | 3.111 | 88,01% | 1.565 | 50,31% | 1.548 | 249 | 204 |

Од извршените контроли јасно е видливо дека неприфатливо голем процент од одгледувачите на говеда не се усогласени со законските одредби.

Како една од мерките за унапредување на СИР на животните, во 2011 година се започна со редефинирање на постоечката база на податоци за идентификација и регистрација на говеда, овци и кози вклучително со развој на база на податоци за идентификација и регистрација на свињи. Оваа база на податоци се развива паралелно со развојот на Ветеринарниот информативен систем и всушност представува негов составен дел. Интегрираниот пристап во развојот на базата на податоци за здравствена заштита и идентификација и регистрација, покрај веќе утврдените недостатоци на постоечката база на податоци представува суштинско унапредување во обезбедување на навремени и точни информации. Покрај информациите за одгледувалишта на говеда, овци и кози и свињи, новиот информативен систем ќе овозможи прибирање податоци за одгледувалишта од сите други видови животни. Податоците од постоечката база на податоци ќе бидат мигрирани во новата база на податоци. Новиот информативен систем треба да биде целосно развиен заклучно со месец март 2012 година.

Информациите од базата на податоци за идентификација и регистрација на говеда, овци и кози е презентирана подолу:

| Вид животно | Број на животни | Број на одгледувалишта | Број новообележани животни во 2011 година | Број на придвижени животни | Број на заклани животни |
|---|---|---|---|---|---|
| Говеда | 260.893 | 41.423 | 79.137 | 224.023 | 6.321 |
| Овци | 740.502 | 5.148 | 214.914 | 129.199 | 209.378 |
| Кози | 66.859 | 7.727 | 26.398 | 9.125 | 167.667 |
| свињи* | 240.000* | 120 | | | |

*проценет број на свињи во „комерцијални" свињарски фарми

Расовиот состав на говедата, овците и козите е прикажан во табелата подолу:

| **Раса на говеда** | **Број на говеда (31.12.2011 год.)** |
|---|---|
| Биволи | 86 |
| Буша | 22.719 |
| Др.или мешавина од разл.раси | 108.585 |
| Монтафонско | 9.253 |
| Оберинталско | 550 |
| Сименталско | 13.246 |
| товни раси говеда | 42 |
| Хереford | 28 |
| холштајнизирано фризиско | 106.384 |
| Вкупно | **260.893** |
| **Раса на овци** | **Број на овци (31.12.2011 год.)** |
| Аваси | 2.521 |
| Виртемберг | 72.414 |
| Друго | 163.587 |

| | |
|---|---|
| Источнофризиска | 59 |
| Каракачанска | 572 |
| мелези аваси | 29.687 |
| мелези виртемберг | 123.991 |
| мелези источнофризиска | 76 |
| Овчеполска | 200.359 |
| црноглава плевенска | 8 |
| Шарпланинска | 147.228 |
| Вкупно | **740.502** |
| **Раса на кози** | **Број на кози (31.12.2011 год.)** |
| Алпина | 3.211 |
| Домашна | 32.252 |
| Друго | 18.654 |
| мелези алпина | 4.938 |
| мелези санска | 2.031 |
| Санска | 5.773 |
| Вкупно | **66.859** |

Структурата на одгледувалиштата за говеда и овци и кози во однос на бројот на животни е даден во табелата подолу:

| Вид на животно | Број на животни | Број на Одгледувалишта |
|---|---|---|
| Говеда | 1 до 5 | 30.451 |
| | 6 до 10 | 6114 |
| | 11 до 20 | 2.924 |
| | 21 до 50 | 1.637 |
| | 51 до 100 | 468 |
| | ⍰100 | 88 |
| Овци/Кози | 1 до 50 | 6.901 |
| | 51 до 100 | 1.415 |
| | 101 до 200 | 957 |

| | | |
|---|---|---|
| | 200 до 500 | 1.002 |
| | □500 | 152 |

*<u>Активности во врска со спроведување на СИР за свињи:</u>*

- Извршена е евалуација и адаптација на претходната стратегија за идентификација и регистрација на свињи и подготвен е нов концепт и стратегија. Врз основа на новата стратегија е подготвена е нацрт верзија на правилник за идентификација и регистрација на свињи;

- Креирани се бизнис правилата и функционалниот концепт на базата на податоци за идентификација и регистрација на свињи и пратени се до фирмата која е одговорна за креирање на системот за свињи и надоградба на претходните системи;

- Одржана е иницијалната презентација на системот за обележување на големите одгледувачи на свињи. Објаснети се елементите и концептот на системот како нивните обврски кои произлегуваат од законските одредби.

- На истата презентација им се поделени прашалници за регистрирање на одгледувалиште врз основа на кои се обезбедени податоците потребни за печатење на ушни маркици со број на одгледувалиште. Регистрирани се 120 одгледувалишта на свињи со вкупен годишен капацитет до 240.000 животни.

*<u>Активности во врска со обележување на пчеларници:</u>*

- Подготвена е стратегија на регистрација на пчеларници и подготвен е правилник за регистрација на пчеларници.

- Креирани се бизнис правила на базата на податоци за регистрација на пчеларници и доставени се до софтверската фирма одговорна за креирање на базата на податоци.

Во текот на 2012 година, Агенцијата за храна и ветеринарство ќе подготви акционен план и ќе превземе соодветни мерки за унапредување на состојбата во системот за идентификација и регистрација на животните. Како една од основните мерки кои би требало да се превземат е вклучување на усогласеноста со законските одредби како услов за добивање на субвенциите.

## <u>II.4. Одделение за планови за итни мерки</u>

Во Одделението за планови за итни мерки, во рамките на своите надлежности, во текот на 2011 година беа реализирани следните активности:

1. Во соработката со Организацијата за храна и земјоделство - Европска Комисија за Лигавка и шап се обезбеди учество на претставници од Секторот за

здравствена заштита на животните на тренинзи за Лигавка и шап. Во 2011 година се реализираа 3 обуки, а учесниците се стекнаа со практично искуство за болеста од појава и пријавување на жариште, преку спроведување на епидемиолошка истрага, клинички преглед, земање на мостри до изготвување на финални извештаи;

2. Во периодот од 04 до 06 јули 2011 година во Охрид, со поддршка од TAIEX, а во организација на АХВ се одржа Симулациона вежба за Авијарна инфлуенца (Simulation exercise on Avian influenza contingency plan, AGR 1528). Вежбата ја водеа експерти од Данска. На симулационата вежба учествува вкупно 60 учесници од Република Македонија каде освен учесници од Секторот за здравствена заштита на животните и официјалните ветеринари кои работат во делот на здравствена заштита кај животните, учествуваа и претставници од Институтот за јавно здравје, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Факултетот за ветеринарна медицина и Ветеринарна комора на Република Македонија со претставници од ветеринарните друштва.

Во програмата, покрај соодветни теоретски предавања беше имплементиран и практичен дел на вежбата кој се состоеше од два дела: деск-топ симулација на која учесниците беа поделени во групи со посебни разработени сценарија во однос на развојот на болеста и теренска посета на локација и симулирање на реални активности во неколку одгледувалишта.

3. Во делот на изготвување на документи во изминатата 2011 година беа подготвени:

- Прирачник за Авијарна инфлуенца со Стандардни оперативни процедури (СОП) при поставување на сомнеж на Авијарна инфлуенца, СОП за спроведување на епидемиолошка истрага, формулари при сомнеж на АИ, формулар за епидемиолошко испитување, СОП за вршење на клинички преглед, СОП за биосигурносни мерки и лична заштита, СОП за чистење и дезинфекција;

- Нацрт верзија на оперативен прирачник за Класична чума кај свињите;

## II.5. Спроведени контроли од официјалните ветеринари

Во текот на 2011 година, официјалните ветеринари покрај активностите од обласа на здравствена заштита, идентификација и регистрација на животните, како и заштита и благосостојба на животните опишани погоре, континуирано спроведуваа инспекциски контроли на одгледувалишта, во прометот со животни, на објекти (ветеринарни друштва, објекти за дистрибуција на семе за вештачко осеменување, итн.). Извршените активности сумарно се прикажани подолу:

*Контроли во ветеринарни друштва и одгледувалишта за поднесени фактури од областа на здравствена заштита на животни*

- 6.521 контрола.

*Контроли на живи животни и сточни пазари*

- 323 контроли на внатрешен промет на животни;
- 475 контроли на сточни пазари.

*Издадени решенија поради нерегуларности*

- 307 за сузбивање и искоренување на болести;
- 120 во внатрешен промет на животни;
- 44 контроли на сточни пазари;
- 1.289 „он-спот“ контроли.

*Поднесени барања за поведување на прекршочни постапки*

- 29 за сузбивање и искоренуваање на зоонози;
- 30 во внатрешен промет со животни и сточни пазари;
- 58 по извршени „он-спот“ контроли.

*Вкупно издадени записници и решенија*

- 6.414 записници;
- 2.216 решенија.

# III. СЕКТОР ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Во текот на 2011 година, во областа на ветеринарно јавно здравство спроведени се следните активности:

## III.1. Национален мониторинг план за контрола на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло за 2011 година

Според обврските од Законот за безбедност на храната, во периодот јануари – март 2011 година изготвен е Националниот мониторинг план за контрола на резидуи од ветеринарни лекови, пестициди и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло во Република Македонија за 2011 година. Со планот е предвидено земање на вкупно 1.229 броја мостри од живи животни и суровини од животинско потекло. Во периодот април 2011 до февруари 2012 година извршена е евалуација на спроведување на планот.

Основна цел на Националниот мониторинг план за контрола на резидуи е:

- утврдување на присуството на резидуи и супстанции кои се уредени со посебни законски акти (супстанции кои предизвикуваат анаболички ефект, неодобрени супстанции, ветеринарно медицински препарати и контаминенти) во живи животни, нивните екскременти, телесни течности и ткива, добиточна храна и вода за пиење и примарни производи од животинско потекло;
- утврдување на недозволено администрирање на неодобрени супстанции и недозволено администрирање на одобрени супстанции;
- контрола на усогласеноста со максимално дозволени нивоа на резидуи од ветеринарно медицински препарати, максимални нивоа на пестициди и мониторинг на концентрацијата на контаминентите од природната средина;
- набљудување и откривање на причините за присуство на резидуи во храна од животинско потекло, превземање на корективни мерки како и транспарентност на резултатите.

Самиот план е е резултат на повеќегодишно искуство на ова поле на Агенцијата за храна и ветеринарство, односно Управата за ветеринарство, сугестиите од Комисијата на ЕУ кои се однесуваат на повеќегодишна евалуација на Националниот Мониторинг План за Резидуи и ФВО мисијата и најновите научни и технички сознанија во оваа област.

Сите задачи, одговорности и овластувања во врска со службените контроли на закланите животни, обработката, производството, увозот, извозот, складирањето и прометот со производи од животинско потекло, како и кои производи кои се назначени како неподобни за човечка конзумација, се регулирани со Законот за безбедност на храна (Службен Весник на Република Македонија бр.157 од 2010 година), и Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од

животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на резидуи и недозовлени супстанции („Сл. весник на РМ“ бр. 80/2011), односно законските акти кои биле во сила. Наведените законски прописи се комплетно хармонизирани со Директивата на Советот 96/23/ЕК, како и Одлуката 97/747/ЕК.

Со Одлуката за забрана на производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени ветеринарно медицински производи (Сл. Весник на Република Македонија Бр. 132/2010) се забранува производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени ветеринарно медицински производи кои се наменети за аплицирање кај фармски животни за производство на производи за човечка конзумација и аквакултура вклучително: тиреостатски супстанци, стилбени, деривати на стилбени, нивни соли и естри, естрадиол 17β и деривати на неговите естри, бета-агонисти, стероиди, кисели лактони од резолин вклучувајќи зеранол и фармаколошки активни субстанции кои не може да се одреди максималното дозволено ниво (Chloramphenicol, Chloroform, Chlorpromazine, Colchicine, Dapsone, Dimetridazole, Metronidazole, Nitrofurans вклучувајќи и Furazolidone и Ronidazole).

Максимално дозволените граници за резидуи од ветеринарно медицински производи (MRL) за одредени производи од животинско потекло се дадени во листата за фармаколошки супстанции дозволени за употреба во ветеринарната медицина (Сл. Весник на Република Македонија Бр. 133/2010)

Максимално дозволените нивоа на резидуи на одредени супстанции -Пестициди, микотоксини, тешки метали, и други контаминенти, се дадени во Правилникот за општите барања за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр. 118/2005), во кој исто така се дадени и максималните нивоа на резидуи на одредени супстанции.

Централен надлежен орган за изготвување и спроведување на Националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни производи од животинско потекло е Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Агенцијата е одговорна за изготвување на националната мониторинг програма за контрола на резидуи, координација на активностите помеѓу подрачните официјалните ветеринари, персоналот од лабораторијата, собирање, евалуирање и сумирање на добиените податоци од записниците од страна на подрачните ветринарни инспектори и лабораториските резултати, комуникација со Комисијата на Европската Унија за поднесување на годишниот план и резултатите од предходната година, надзор на процесот на мониторинг за на резидуи, додека официјалните ветеринарни се одговорни за имплементација на националната мониторинг програма за контрола на резидуи на терен.

Во моментов, директно вклучени во спроведување на планот се 56 официјални ветеринари организирани во 25 подрачни единици и поделени во 6 региони, кои се

директно вклучени во имплементацијата на Националната мониторинг програма за контрола на резидуи, како и Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во својство на назначена референтна лабораторија. Националната референтна лабораторија зема учество во ПТ шема организирана од страна на Референтна Лабараторија на Заедницата и други ПТ провајдери (ФАПАС).

Процесот на планирање се врши според Директивата на Советот 96/23/ЕС, Одлуката на Комисијата 97/747/ЕС, Одлука на комисијата 98/179/ЕС, Одлука на комисијата 2002/657/ЕС и препораките од DG SANCO (No HJ/dht D (2006) 651610 од 25.10.2006 и No JMc E/dht D (2008) 650563 од 16.04.2008 ). No IEB/dht D (2009) 651216 од 21.12.2009, No Ares (2010) 360365 од 23.06.2010 година и финален извештај од FVO Мисија извршена во Република Македонија од 12 до 18 октомври 2010 (реф. бр. DG(SANCO)/2010-8765 - MR).

Селекцијата на супстанции од ветеринарни лекови кои ќе бидат вклучени во тековниот план за мониторинг и контрола на резидуи од ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни производи од животинско потекло, се прави според листата на регистрирани ветеринарно медицинските препарати кои ги содржат нив и според недозволените субстанции уредени со посебни законски акти, резултатите од предходната година, официјалните податоци, известувања добиени од RASFF, барањата и препораките од Европската Комисија.

Според обврските од Законот за безбедност на храната, во периодот јануари – март 2011 година изготвен е Националниот мониторинг план за контрола на резидуи од ветеринарни медицински препарати, пестициди и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло во Република Македонија за 2011 година. Со планот е предвидено земање на вкупно 1.229 броја мостри од живи животни и суровини од животинско потекло.

Во периодот април 2011 до февруари 2012 година, извршена е евалуација на спроведување на планот, што покажа дека во живите животни и храната од животински потекло не е утврдено присуство на резидуи од недозволени супсанции, ветеринарно медицински препарати и контаминенти со исклучок на изолирани случаи (10), за кои се преземени соодветни мерки на заштита и елиминирање на утврденаиот ризик.

Во поглед на реализацијата на планот за 2011 година, од 1.229 броја предвидени мостри, официјалните ветеринари до ФВМ доставиле 1.178 мостри соодветни за лабораториско испитување односно процентот на реализација изнесува 95,8%.

Од испитаните мостри добиени се позитивни наоди на:

- Олово во 6 примероци од диви животни;
- Кадмиум во 1 примерок од јагне;
- Арсен во 1 примерок од риба;
- Sulfisoksazole во 1 примерок од кравјо млеко;

Во однос на позитивните наоди, земени се дополнително 24 мостри како појачан мониторинг, од реоните од каде потекнуваат позитивните наоди.

1. По позитивните наоди на **тешки метали**, официјалните инспектори ги превземаа следните мерки:

-земање на мостри за појачан мониторинг од диви животни во сезоната кога е дозволен ловот, а во текот на ловостојот мострите потекнуваат од други видови животни кои му биле достапни на официјалниот ветеринар од соодветниот реон (овчо млеко, мед, јајца);

-во реоните каде се потврдува присуството на резуди (П.Е.Кочани и П.Е.Струмица), официјалните ветеринари ги прогласија за подрачје на појачан мониторинг, со обврска за пријавување на секој следен улов и издадоа решенија за забрана за пуштање во промет и употреба на внатрешните органи од диви животни за човечка исхрана;

- АХВ достави известување до Министерството за животна средина и просторно планирање за позитивните резултати во текот на 2011 година, со список на подрачјата од каде се земени мострите.

2. Во врска со позитивниот наод на **арсен** во риба (П.Е.Охрид), земени се дополнителни мостри за појачан мониторинг и издаден0 е решение за забрана за ставање во промет и употреба на рибата од соодветниот рибник;

- Факултетот по Ветеринарна Медицина достави до АХВ стручно мислење дека препорачува Level of action за арсен во риба може да биде покачено на 1.000 mg/kg и истата вредност да биде вклучена во НМПКР;

- Покрената е процедура за обезбедување на мислење за анализа на ризик од утврдените зголемени концентрации на арсен во рибата.

3. Во врска со позитивниот наод на **кадмиум,** преземени се акитвности за утврдување на нивото за зголемен кадмиум во склоп на дополнителните активности за присуство на тешки метали кај одредени категории дивеч и домашни животни.
4. Во врска со позитивниот наод на Sulfisoksazole во 1 примерок од кравјо млеко, преземени се соодветни мерки на дополнителни контроли со воспоставување на превентивни мерки за спречување на повторна појава на присуство на антибиотици во млекото.

Детален приказ за извршените предвидувања, мострирања и испитувања со позитивните наоди, во рамките на Националниот мониторинг план за контрола на резидуи од ветеринарни лекови, пестициди и контаминенти во живи животни и во храната од животинско потекло во Република Македонија за 2011 година е даден во табелите во прилог.

## III.2. Национален план за категоризација и унпаредување на објектите - операторите со храна од животинско потекло

Планот за категоризација и унапредување на објектите – операторите со храна од животинско потекло од аспект на безбедност на храна во Република Македонија е обезбедување на исполнување на критериумите на националното законодавство и критериумите на Европската Унија во одреден временски период без предизвидкување на непотребно економско и социјално оптеретување на бизнис секторот но и истовремено обезбедување на постигнување на највисоките стандардни на безбедност на храна.

Со член 139 од Законот за безбедност на храната, се уредува преструктурирање на објектите и операторите со храна од животинско потекло. Според него правните и физички лица кои вршеле дејности утврдени со Законот за ветеринарно јавно здравство пред влегување на сила на овој закон, а кои не се усогласени до крајниот период од 2 години од влегување во сила на Законот за ветеринарно јавно здравство, се должни да спроведат унапредување на објектите кои не се во сообразност со прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство согласно роковите и начин утврден во подзаконски акти.

За спроведување на процесот на преструкуирање од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство изготвен е Национален план за категоризација и унпаредување на објектите - операторите со храна од животинско потекло. Со активности според планот се започна во 2009 година.

Евалуацијата и категоризација на објектите и операторите со храна се спроведува согласно планот. Рокот за нивно усогласување со барањата на Европската Унија е една година пред влез на Република Македонија во Европската унија.Со Законот за безбедност на храна се обезбедуваат измените во правната основа за категоризација и унапредување на објектите – операторите со храна од животинско потекло и се обезбедува ефикасно имплементирање со индивидуален пристап и задоволителен степен на флексибилност. Во однос на категоризацијата и програмата за унапредување на објеките операторите со храна од животинско потекло, постапено е согласно препораките на претходните подкомитети и препораките од Мисијата на FVO DG(SANCO)/2010-8510-MR.

До 01.01.2008 година во Република Македонија одобрени се **вкупно 276 објекти** - оператори со храна од животинско потекло.

Согласно предвидените активности спроведена е прелиминарна оценка на постоечките 276 објекти - оператори со храна, со контрола на лице место, на основа на што е дефинирана реалната состојба на терен (вкупниот број на објекти – оператори со храна, нивниот капацитет, состојба) и е изработен детален план за спроведување на категоризацијата на објектите.

Во моментот, од вкупно 276 со кои е започната програмата за унапредување, на **123 објекти - оператори со храна** од животинско потекло одобрени за работа според националната легислатива пред 01.01.2008 година, **им се повлечени одобренијата за работа** (поради претходно престанување со работа, поради тоа што со наведениот закон нивната дејност на работа не подлежи на процес на одобрување, или поради забрана на вршење на дејност од АХВ, односно неисполнување на одредедени критериуми за безбедност на храна).

Вкупно **12 објекти оператори со храна** од животинско потекло го имаат **завршено процесот на унапредување** и се преодобрени според Законот за ветеринарно јавно здравство, односно Законот за безбедност на храна. Во прилог се дадени табели од почетната состојба на извршена од преструктуирањето на објектите и операторите со храна од животинско потекло во Република Македонија, и последната состојба од 2012 година.

| Секција | Вид на објект | Објекти одобрени пред 01.01.2008 год | Објекти кои подлежат на преструктуирање | Објекти кои подлежат на преструктуирање - категоризација Состојба Мај 2012 | | | | | Вкупно категоризирани објекти | Објекти одобрени согласно Законот за ветеринарно јавно здравство и Законот за безбедност на храна | | | | Вкупно одобрени објекти во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Трајно одобрени | Локализирана активност | Времено одобрение | Вкупно | |
| | | | | B I | B II | BIII | B IV | A | | | | | | |
| 0 | Објекти со општа активност | **66** | 45 | 12 | 16 | 15 | 1 | 1 | **45** | 28 | | 8 | **36** | **81** |
| I | Месо од домашни чапункари | **26** | 14 | 1 | 5 | 4 | 0 | 4 | **14** | 2 | 1 | | **3** | **17** |
| II | Месо од живина и зајаци | **2** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | | **1** | 1 | | | **1** | **2** |
| V | Мелено месо, подготовки од месо, МОМ | **/** | 1 | | | | 1 | | **1** | 1 | 1 | 2 | **4** | **5** |
| VI | производи од месо | **53** | 26 | 5 | 9 | 9 | 2 | 1 | **26** | 5 | 5 | 5 | **15** | **41** |
| VIII | Риба и производи од риба | **2** | 1 | | 1 | | | | **1** | | | | | **1** |
| IX | свежо млеко и производи од млеко | **92** | 45 | 8 | 12 | 16 | 8 | 1 | **45** | 18 | 7 | 8 | **33** | **78** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| X | Јајца и производи од јајца | **4** | 2 | 1 | | | | 1 | **2** | 6 | | 5 | **11** | **13** |
| XI | жабји батаци и полжави | **2** | 1 | | | | | 1 | **1** | | | | | **1** |
| | Објекти кои не се опфатени со Рег.2004/853) | **23** | | | | | | | | | | | | |
| | Мед | **5** | 2 | 1 | | 1 | | | **2** | | | 1 | **1** | **3** |
| | **Вкупно:** | **276** | 138 | 28 | 44 | 45 | 12 | 9 | **138** | 61 | 14 | 29 | **104** | *242* |

## III.3. Национален план за унапредување на квалитетот на сировото млеко од аспект на критериумите за безбедност

Планот за контрола на квалитетот на суровото млеко од аспект на безбедност на храна во Република Македонија е обезбедување на исполнување на критериумите на националното законодавство и критериумите на Европската Унија во однос на критериумите на сурово млеко за број на микроорганизми и соматски клетки.

Критериумите за суровото млеко се одредени со Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото имлечните производи (Сл. весник на РМ број 26/2012). Овој правилник е усогласен со Регулативата 2004/853/ЕС и Регулативата 2004/854/ЕС, со дерогација во однос на одредување на транзициони периоди со цел постепено воведување на наведените критериуми.

Во моментот е постапка на преодредување на транзициониот период и условите за ставање во промет на млекото кое не ги исполнува националните (транзициони) стандарди и стандардите на Европската Унија.

Секое количество на млеко кое се става на пазар на исхрана треба да ги исполнува критериумите за сурово млеко согласно членовите 18 и 19 и Прилог 3 од Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото имлечните производи (Сл. весник на РМ број 26/2012). Наведните критериуми се критериумите на ЕУ односно националните критериуми на транзициониот период.

Репрезентативен број на мостри со сурово млеко собрани од одгледувалишта кои произведуваат млеко земени по случаен избор треба да се проверат дали ги исполнуваат наведените барања. Контролите се спроведуваат од страна на оператори кои собираат или преработуваат млеко. Испитувањата и прегледот на суровото млеко за исполнување на барањата за сурово млеко се врши во Факултетот за Ветеринарна Медицина.

Во системот на контрола на критериумите на млеко учествуваат сите објекти за преработка на млеко (млекарници), откупувачи на млеко и примарните производители на млеко (фармери). Во моментот, во Регистерот на одобрени објекти на Агенцијата за храна и ветеринарство има 81 правни субјекти во кои се вклучени млекарници и откупувачи со различен капацитет и обем на откуп на млеко. Собирните центри за млеки се наоѓаат во состав на поедини млекарници. Примарни производите на млеко (одгледувалишта фарми со молзни грла) се движат во опсег од 10.000 до 11.000 одгледувалишта.

Системот на официјална контрола е започнат од 01.06.2009 со постепено воведување на сите елементи на предложениот систем. Системот се состои од следните компоненти:

- Категоризација на сите одгледувалишта за производство на млеко за исхрана на луѓе.
- Категоризација на сите објекти за преработка на млеко во однос на млекото кое го преработуваат од аспект на исполнување на критерумите за сурово млеко.
- Воспоставување на одвоени системи на откуп, транспорт и преработка на млеко од различни категории
- Воведување на посебни барања за преработка и ставање во промет на млеко и млечни производи произведени од млеко со различни категории на сурово млеко.

## III.4. Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија,

Во текот на 2011 година, за прв пат е донесен **Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus)** во Република Македонија. Цел на планот е намалување на раширеноста на салмонелозата од значење за јавното здравство во јатата кај домашната живина (Gallus gallus) во одгледувалишта за производство на јајца за исхрана на луѓето, најмалку на целните нивоа поставени во легислативата на ЕУ (Регулатива (ЕС) Бр. 517/2011 и релевантниот Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела (Службен Весник на РМ Бр 97/2011), за годишна редукција на најмалку 10%, во однос на бројот на позитивни возрасни несилки споредено со претходната година.

Салмонелозата е важен патоген, а Salmonella Enteritidis и Salmonella Typhimurium се јавуваат како главни предизвикувачи на салмонелоза во јавното здравство за многу години наназад и се најприсутни патогени при појавата на заболувањата предизвикани од храна.

Планот за контрола на Салмонелоза во Република Македонија се воведува во согласност со Регулативата (ЕС) Бр. 2160/2003 и Регулативата (ЕС) Бр. 517/2011 и релевантниот Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела (Службен Весник на РМ Бр 97/2011), а стапи во сила во Август 2011 година.

Сите јата несилки со 350 птици или повеќе, треба да бидат вклучени во националниот план за контрола. Овие јата односно одгледувалишта треба да бидат регистрирани во Агенцијата за храна и ветеринарство согласно прописите за ветеринарно здравство и треба да ги исполнуваат соодветние услови во однос

на критериумите за безбедност на храна односно одсуство на салмонелоза на ниво на фарма.

Следење на реализацијата на Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија се одвива согласно предвидените активности.

Според планот е предвидено испитување на јатата кокошки несилки за утврдување на присуство на салмонела во јатата. По спроведување на првична контрола на 86 живинарски фарми во Република Македонија, според Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија во 2011 година, во четири фарми (МИ-ЕЛ во Росоман, Бели Мост Битола во с. Лисово, ЖИ-ВА јајце Штип и Економија с. Бориево – Струмица), беа потврдени позитивни наоди на присуство на салмонела во јатата.

На наведените објекти се преземени соодветни мерки во однос на забрана за ставање во промет на јајцата од наведените објекти, преземање на дополнителни испитувања и во одредени случаи и покренување на прекршочни постапки.

Во периодот 26-28 октомври 2011 година од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство на Европската Комисија извршена е контрола на системот за производство на конзумни јајца, пилешко месо и производи од пилешко месо во Република Македонија. Мисијата констатира во Република Македонија постои соодветен систем на официјални контроли за извозот на конзумни јајца, пилешко месо и произоид од пилешко месо со препораки за унапредување на одредени сегменти со цел добивање на извозен број за ЕУ.

Постапувајќи по препораките Агенцијата за храна и ветеринарство презеде одредени активности како:

- Корекција на упатствата за сертификација на производи од животинско потекло;
- Изработка на упатства за предмортален и послемортален преглед на живина наменета за колење;
- Усвоен Правилник за начин на следливоста на производите од животинско потеко; и
- Напреден тренинг на официјалните ветеринари.

Како отворено прашање кое излегува надвор од ингиренцијата на Агенцијата за храна и ветеринарство е обезбедување на објект за преработка (со термички третман) на јајцата кои не ги исполнуваат условите за ставање во промет согласно критериумите за безбедност на храна (присуство на салмонелоза на

фарма) и согласно Законот за квалитет на земјоделски производи (јајца од Б класа).

## III.5. Системот на регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потеко, храна за животни и производи од животинско потекло

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010) и Законот за ветеринарно здравство воведена е постапка на Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло. За наведеното е креиран и регистер на правни лица увозници на храна од животинско потекло во Република Македонија. Наведениот регистер тековно се ревидира и објавува на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Според последните податоци, до сега се одобрени 266 Правни лица оператори за увоз на храна од животинско потекло во Република Македонија.

Во последниот квартал на 2011 година воведен е и Регистерот на увозници на храна за животни и воспоставен е систем на контрола на увозот на храна за животни на граничните премини. Со тоа се поедноставува процедурата за увоз на храна за животни и се овозожува униформен пристап кон контролите на увоз кои се спроведуваат до АХВ

## III.6. Регистрација на објекти и оператори со храна од животинско потекло

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010), во 2011 година воведена е постапка на Регистерација на правни лица оператори со храна од животинско потекло .

За исполнување на овие активности, креиран е регистер на правни лица оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија. Наведениот регистер тековно се ревидира и објавува на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Според последните податоци, досега се регистрирани 994 правни лица - оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија.

## III.7. Одобрување на објекти и оператори со храна од животинско потекло

Соогласно Законот за безбедност на храната, објектите и операторите со храна од животинско потекло во поспримарното производство, со исклучок на некои фази (транспорт, складирање без термички режим и малопродажни активности) мора да бидат одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Агенцијата за храна и ветеринарство води регистар на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло. Објектот се одобрува за бараните активности само доколку операторите со храна докажат дека ги исполнуваат хигиенските барања за храната и други барања утврдени со законот и прописи донесени врз основа на законот. Процедурата се одвива во неколку последователни фази.

Операторите со храна од ставот поднесуваат барање за одобрување до Агенцијата, по што стручна комисија одобрена од страна на Директорот на Агенцијата врши увид на самото место.

Доколку од увидот на самото место се утврди дека објектот ги исполнува во најголем дел барања за инфраструктурата и опремата, Агенцијата издава времено одобрение за период од три месеци, по што следи дополнителен увид.

Доколку при повторниот увид (извршен на самото место), спроведен по три месеци од издавањето на времeното одобрение, се утврди дека објектот ги исполнува сите барања, се издава официјално Одобрение. Доколку е направен очигледен напредок, но објектот сѐ уште не ги исполнува сите услови, Агенцијата може да го продолжи временото одобрение, но најмногу за период од шест месеци.

Агенцијата на сите одобрени објекти, вклучувајќи ги и оние со времено одобрение, доделува соодветен број на одобрение.

Во текот на 2011 година, по барање на оператори со храна постапено е по 73 предмети и издадено одобрување со извршен упис во регистерот на одобрени оператори и објекти со храна од животинско потекло. Издадени се 56 решенија за одобрувања на објекти и оператори со храна, изготвени се 17 решенија за одбивање на барања за одобрување. Во исто време, изготвени се и 22 решенија за укинување на решенија за работа на објекти и оператори со храна.

Регистерот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потеко тековно се ревидира и објавува на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## III.8. Извоз на храна и нуспроизводи од животинско потекло

Водење на евиденција и издавање на ветеринарно-здравствени сертификати за извоз на храна и производи од животинско потекло, во согласност со Одлуката бр 11-390/1 од 16.03.2010 год. донесена од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство при што:

- Подготвени и испечатени (во соработка со сектор за гранична инспекцијај) вкупно осумдесет и четири (84) сертификати, од кои педесет и седум (57) се за

производи за исхрана на луѓето и дваесет и седум (27) за нус производи од животинско потекло.

- Дистрибуирани се околу илјада и осумстотини (1.800) броја на сертификати до дваесет и девет (29) официјални ветеринари.
- Архивирани околу илјада и осумстотини (1.800) копии од ветеринарно-здравствени сертификати на извезени пратки.
- регистрирани околу илјада (1.000) извезени пратки.

**Заокружување на постојната легислативно регулаторна рамка**

Во соработка со Секторот за европска легислатива, донесени се следните правилници:

- Правилник за формата, содржината и начинот на издавањето на комерцијалниот документ, начините на обезбедување на следливост и роковите за чување, како и посебните услови кои треба да ги исполнуваат пратките на храна од животинско потекло кои се ставаат во промет и условите што треба да се исполнат во внатрешниот промет со храна од животинско потекло;
- Правилник за одредбите за примена на барањата за следливост на храната од животинско потекло;
- Правилник одредбите за начинот и постапката за добивање на одобрение на превозниците и превозни средства за производи од животинско потекло;
- Правилник за начинот на вршење мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живи животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции;
- Правилник за начинот на вршење на официјални контроли и постапки за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг;
- Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела;
- Правилник за регистрација на оператори со добиточна храна;
- Правилник за сертификат за добиточна храна;
- Правилник за посебни барања за температурни контроли и одржубвање на ладниот ланец за храна од животинско потекло

## III.9. Одделение за нус-производи од животинско потекло

Работните активности во сегментот на нуспроизводи од животинско потекло се следниве:

- Подготвена и донесена Стандардна оперативна процедура за водење на регистер за правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз на нус производи од животинско потекло;
- Подготвена и донесена Стандардна оперативна процедура за внесување на Листата на одобрени објекти за нус производи од животинско потекло во TRACES системот. Во врска со ова, се извршуваше и тековно пополнување на Листата и достава на истата до администраторот на TRACES системот;
- Подготвена Физибилити студија за нус производи од животинско потекло во Република Македонија. Активностите за подготовка на Физибилити студијата, како и на документите кои произлегоа од истата налагаа и серија на консултативни состаноци со надорешни експерти. Од Физибилити студијата подготвени и донесени се следниве документи:
    - Листа на генератори на нус производи од животинско потекло, во која опфатени се 166 правни субјекти-оператори со храна и во која се прикажани сите генерирани нус производи, на ниво на производител и гранка, поделени во Категории;
    - Информација за воспоставување на национален систем за управување со нус производи од животинско потекло, доставен до Влада на Република Македонија;
    - Јавен повик за заинтересираните страни за воспоставување национален систем за управување со нус производи од животинско потекло.
- Подготвени и донесени седум (7) Одобренија за објекти и оператори со нус производи од животинско потекло, во фаза на одобрување се три (3) барања и едно (1) решение за одбивање.
- Учество во Комисија за одобрување на оператори и објекти за нус производи од животинско потекло, извршени единаесет (11) прегледи на лице мести и исто толку седници од страна на Комисијата.

## III.9. Одделение за ветеринарно-медицински препарати

Во склоп на редовните задолженија на одделението за ветеринарно медицински препарати спроведени се следниве активности:

1. Регистрација на ветеринарно медицински препарати - Во текот на 2011 година, оддржани се 8 (осум) Седници на Комисијата за ветеринарно медицински препарати. Врз основа на поднесена документација, процесуирани, евалуиарни и рагледани се 73 препарати, од Комисијата за регистрација на ветеринарно

медицински препарати даде препорака на одобрување на ставање во промет. Од препаратите кои добиле Одобрение за ставање во промет и употреба во Република Македонија во 2011 година, еден е препарат за еутаназија, 24 се вакцина, 18 антибиотици, 2 хормонски препарати, како и 28 екто и ендопаразитици, антипротозоарни средства и витаминско минерални препарати.

Прометот и употребата на ветеринарно медицински препарати во Република Македонија се детално уредени од аспект на заштита на здравјето на луѓето и здравствена заштита на животните. Ветеринарно медицинските препарати кои се ставаат во промет на територијата на РМ подлежат на процедура за регистрација пропишана во Законот за ветеринарно медицински препарати (Службен весник на РМ 42/2010). Ветеринарно медицинските производи може да се стават во промет и да се користат единствено ако претходно се регистрирани одобрени од надлежниот орган – Агенцијата за храна и ветеринарство.

Процедурата за регистрација се спроведува во неколку последователни фази. Производителот треба да поднесе барање за регистрација на ветеринарно медицинските препарати, со наведување на производителот од странство и овластениот застапник со постојана адреса на живеење во РМ. Барањата се разгледуваат од Комисијата за ВМП, по редоследот како се доставени. Членовите на комисијата се од редот на истакнати ветеринарни, фармацевстки и други технички и научни работници.

Одобрението за ставање во промет се издава на основа на предлог/препорака на Комисијата за Ветеринарно Медицински Препарати. Предлог/препораката е заснована на оригиналното досие и придружната докуменатција за ветеринарно медицинските препарати од производителот, земјата на производство, лабораториските анализи и извештајот од Факулетот по Ветеринарна Медицина, Скопје, кој е овластена инстиутиција за лабораториски анализи, како и за изготвување на фармаколошки и токсиколошки извештаи.

Со регистрацијата на ветеринарно медицински препарат, се одобруваат односно утврдуваат составот, обликот, начин на пакување, начин на издавање, како и упатство за употреба со наведена каренца. Одобрението за ставање во промет се издава за период не подолг од пет години, а истото може да биде предмет на повторно разгледување во склоп на групна евалуација, со соглсност со процедури одредени со закон. Ветеринарно-медицинските препарати одобрени за употреба во Република Македонија тековно се објавуваат на веб страната на АХВ. Концептот на процедурата за регистрација на ветеринарно медицински препарати е таков да регистрацијата и барањето за одобрување на препарати кои потекнуваат од определени групи, кои се забранети, не е дозволено.

Употребата на ветеринарно медицинските препарати е регулирана со Законот за ветеринарно здравство (Службен Весник на Република Македонија 113/2007) каде се пропишани условите и начинот на примена на ветеринарно медицинските препарати. Одредувањето на дијагнозата, рецептот и издавањето на ветеринарно медицински препарати како и третирањето и вршењето на други интревенции кај животните може да биде направено само од страна на Доктор по Ветеринарна Медицина.

Во областа на ветеринарно медицинскките препарати од страна на Секторот за европска легислатива донесени се подзаконски акти согласно Законот за ветеринарно медицински препарати ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11):

- Правилник за начинот на пренос на одобрението за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат, содржината на документација и другите потребни податоци за пренос на одобрението ("Службен весник на Република Македонија" број 90/11);

-Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно-медицинскиот препарат за ставање во промет ("Службен весник на Република Македонија" број 101/11);

-Правилник за податоците кои треба да ги содржи контактното и надворешното пакување и информациите кои треба да ги содржи упатството за употреба на ветеринарно медицински препарат ("Службен весник на Република Македонија" број 129/11);

-Правилник за начинот на обновување на одобрението за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат ("Службен весник на Република Македонија" број 129/11);

4) Спроведен е годишниот планиран аудит на ветеринарните веледрогерии во одос на исполнување на новите барања кои се усоласени со барањата на Европската Унија при што е констатирано дека од вкупно 21, само 6 (шест) ги исполнуваат условите по основ на опремата и кадарот согласно Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет на големо со ветеринарно медицински препарати и начинот на работа ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/2010 донесен врз основа на Законот за ветеринарно медицински препарати). За 2 (две) се покренати постапки за повлекување на решението, додека 13 (тринаесет) се во фаза на преодобрување.

Дадено е Одобрение за вршење на дејност промет на големо со ветеринарно медицински препарати на една веледрогерија, како и Одобрение за вршење на

дејност на мало со ветеринарно медицински препарати на 2 (две) ветеринарни аптеки.

**Во областа на квалитетот на храната од животинско потекло заокружена е правната рамка и започнато е се нејзино имплементирање на терен**

Согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделските производи Агенцијата за храна и ветеринарство е орган надлежен за спроведување на контролата на квалитетот на производите од животинско потекло. Законот за квалитет на земјоделските производи во поедини сегменти се надополнува со Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11 и 1/12) со што се заокружува правната рамка за уредување на секторот за квалитет и безбедност на храната и претставуваат основ за негово понатамошно оспособување и поинтензивен развој.

Со усвојувањето на Законот за квалитет на земјоделските производи (Службен весник на Република Македонија бр.140/10 и 53/11) се изврши транспонирање на релевантните ЕУ акти поврзани со пазарите на земјоделски производи и преработки и производи со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет во националното законодавство.

Во текот на 2011 година, согласно Законот за квалитет на земјоделските производи, од страна на МЗШВ се изготвија и усвоија следниве подзаконски акти со кои поблиску се уредува наведената материја, а за чие спроведување е надлежна Агенцијата за храна и ветеринарство.

1) Правилник за формата и содржината како и начинот на водењето на образецот за известување со кои откупувачот писмено ги известува производителите од кои откупил сурово млеко за резултатите од класификацијата и вреднувањето на суровото млеко (Службен весник на Република Македонија бр. 151/11);
2) Правилник за начинот на чување на суровото млеко и земање примероци за анализа и суперанализа, содржината, формата и начинот на пополнување на записникот, методите за анализа на суровото млеко, начинот на класирање и метод на вреднување на суровото млеко, како и начинот на вршење на обуката и програмата за вршење на обуката за контролори (Службен весник на Република Македонија бр. 151/11);
3) Правилник за барања за квалитетот на суровото млеко, стандардите за квалитет на конзумното млеко, млечните производи и употребата на нивните називи, квалитетот и активноста на стартер културите, сирилата и други специфични материи и начинот на нивна употреба, начинот на дополнително означување на млекото и млечните производи како и дозволеното

отстапување на тежината во однос на декларираната (Службен весник на Република Македонија бр. 96/11);

4) Правилник за стандардите и начинот на одредување на квалитетот и начинот на пакување и означување на производите од пчели по однос на квалитетот (Службен весник на Република Македонија бр. 68/11);

5) Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на производи од пчели (Службен весник на Република Македонија бр. 67/11);

6) Правилник за начинот на земање примероци и методите за анализа и суперанализа на производи од пчели (Службен весник на Република Македонија бр. 67/11);

7) Правилник за формата, содржината на обрасците за евиденција и архивирање на податоците за информативниот систем и за податоците кој преработувачот ги доставува до производителот на сурово млеко, како и начинот на нивно пополнување и доставување (Службен весник на Република Македонија бр. 66/11);

8) Правилник за формата, содржината на обрасците за евиденција и архивирање на податоците за информативниот систем и за податоците кој преработувачот ги доставува до производителот на сурово млеко, како и начинот на нивно пополнување и доставување (Службен весник на Република Македонија бр. 66/11);

9) Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на произведено и продадено млеко (Службен весник на Република Македонија бр. 64/11);

10) Правилник за ознаките во однос на начинот за чување кои се употребуваат за идентификување на месо од живина и нивните дефиниции (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11);

11) Правилник за методите за утврдување на вкупната содржина на вода во лабораторија (хемиски тест) (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11);

12) Правилник за дополнително идентификување на месото од живина наменето за пазар во однос на начинот на ладење и начинот на одгледување, ознаките и нивната употреба (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11);

13) Правилник за критериумите за одредување на квалитетот на месото од живина во однос на конформацијата на трупот, изгледот, оштетувањата, бојата и други визуелни карактеристики и начинот на класификација (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11);

14) Правилник за методот за апсорпција на вода во кланични капацитети и методот за утврдување на просечната загуба на вода при одмрзнувањето (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11);

15) Правилник за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките (Службен весник на Република Македонија бр. 35/11).

Во текот на 2011 година, согласно Законот за безбедност на храната се изготви и усвои Правилник за начинот на означување и декларирање на месото и производите од месо од животни од видовите говеда, овци, кози и свињи (Службен весник на Република Македонија бр. 52/11).

Во врска со погоре наведените законски и подзаконски акти, а со цел нивна имплементација се изготвија упатства со кои се обезбедија насоки за операторите со храна како и за официјалните ветеринари во однос на барањата пропишани во истите.

1) Упатство за начинот на декларирање на незавиткано месо од животните од видовите говеда, овци, кози и свињи;
2) Упатство за начинот на означување и декларирање на спакувано месо од животните од видовите говеда, овци, кози и свињи; и
3) Упатство за начинот на означување на јајцата и пакувањата наменети за ставање во промет.

Спроведување на проектот „Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа“

Проектот „Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа“ (Regulatory and Quality Infrastructure Development for Food Safety and Quality in South East Europe) е институционалната соработка помеѓу Република Македонија и Конзорциумот кој го сочинуваат Шведската Национална администрација за храна (National Food Administration, SLV) и Шведскиот одбор за акредитација и сообразност (Swedish Board for Accreditation and Conformity Assessment, SWEDAC). Проектот е со времетраење од 1 септември 2008 година до 30 јуни 2011 година и е во завршна фаза на имплементација.
Главна цел на проектот е поддршка на Република Македонија во процесот на прилагодување на националниот систем за безбедност на храната кон барањата на Европската унија како и принципите и праксите за меѓународна трговија на храна и прехрамбени продукти и критериумите на Светската Трговска Организација (World Trade Organization, WTO) и Договорот за Санитарни и Фитосанитарни Мерки (Agreement of Sanitary and Phytosanitary Measures).

Проектот првично беше под надлежност на Министерството за здравство – Дирекција за храна со активно учество на Управата за ветеринарство – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со

реорганизацијата на системот за контрола на безбедноста на храната во Република Македонија и воспоставувањето на Агенцијата за храна и ветеринарство како независно тело на државната администрација со улога на правен субјект одговорен за извршување на сите активности поврзани со безбедноста на храната, истиот премина во надлежност на Агенцијата. Поради големата временска празнина од моментот на планирање на Проектот, до моментот на започнување со реализација на активностите, и подршката која Агенцијата ја добива од страна на други проекти финансирани од страна на Европската делегација и Светската Банка беа направени одредени модификации во однос на активностите на проектот кои резултираа со негова поголема ефикасност и ефективност.

Во таа насока се назначија и нови членови на Управниот комитет на Проектот кој го одржа својот прв состанок на 29 јуни 2011 година на кој се презентираше прогресот на проектот во однос на планираните активности.

Во текот на 2011 година, Проектот одржа два полугодишни состаноци на кои се презентираше прогресот на Проектот во однос на планираните активности, Работен план на Проектот за последователниот париод, како и Финансиски извештај за истиот. Забележан е значителен прогрес во процесот на имплементација на планираните Проектните активности, посебно во делот на:

**Активност Б** - Имплеметација на законодавството на ЕУ - Оваа Проектна активност е модифицирана поради фактот дека АХВ е во напредна фаза на транспозиција и имплементација на релевантните ЕУ барања во што е подржана и со ИПА проект – Градење на капацитетот на ветеринарната служба за имплементација на ЕУ *Acquis*. Поради тоа, се пристапи кон изготвување на Интегрирана стратегија за безбедност на храната во Република Македонија врз основа на релевантни ЕУ барања. За таа цел се одржа Работилница за изготвување и ревизија на интегрираната стратегија за безбедноста на храна од 5-9 декември 2011 година во Охрид. На работилницата се усвои содржината на нацрт стратегијата, а подоцна во рамките на АХВ се формира работна група која работи на изготвување на нацрт рамката на Интегрираната стартегија за безбедност на храната во консултации со експертот од Проектот.

**Активност Е** - Усвојување на HACCP од страна на надлежниот орган - Во рамките на оваа активност се одржа "Обука за принципите на HACCP и усвојување на HACCP во рамките на надлежниот орган" за единаесет претставници од АХВ, од 7 до 11 март 2011. Од 29 март до 1 Април се одржа "Обука за валидација и верификација на HACCP плановите. Улогата на надлежниот орган. Техники за аудит"за девет претставници од АХВ.

**Активност Ф** - Поддршка на лабораторите во исполнување на барањата за акредитација - Активноста за подршката на лабораторите во исполнување на

барањата за акредитација се одвива според планираното, односно во процесот на поддршка од првично вклучените 14 лаборатории, се исклучија 2 лаборатории поради недостиг на посветеност кон процесот на акредитација.
Со воспоставувањето на Одделот за контрола и поддршка на лабораториите во состав на АХВ во рамките на оваа активност се предвиде организирање на обука за барањата на ISO/IEC 17025, интерпретација на стандардот, организација и менаџмент на лабораториите.

**Активност Х** - Тематски специфична техничка подршка - Од страна на АХВ до проектот беше поднесено барање за техничка подршка во 9 специфични теми со цел:

- Пренос на знаењата во однос на имплементација на релевантни ЕУ акти;
- Подготовка на упатства; и
- Споделување на практични искуства од ЕУ Земји членки во прашања поврзани со безбедност на храната.

Поради судир на интереси, барањето за Анализа на капацитетот на лабораториите во РМ во однос на безбедност на храната – поврзано со Активност Ф, беше одбиено од страна на SWEDAC, додека со имплементацијата на преостанатите осум специфични теми се започна во ноември 2011 година.

Во периодот од 15 до 18 ноември 2011 година се одржа Работилница за општите обврски и принципи на официјалните контроли, контролни и верификациони процедури, контролни активности, методи и техники на која активно учество земаа 12 претставници од АХВ.

Во периодот од 13 до 16 декември 2011 година, се одржа Работилница за методите и процедурите за земање на мостри, начини и методи за вршење на лабораториски анализи на храна од аспект на официјални контроли на која активно учество земаа 12 претставници од АХВ.

**Активност Н** – Подршка на АХВ во исполнување на барањата за акредитација како инспекциско тело ISO/IEC 17020 - Поради промената во организацијата на контролата на системот за безбедност на храната во Република Македонија, односно воспоставувањето на Агенцијата за храна и ветеринарство, а со цел зајакнување и подобрување на инспекциските активности оваа активност претрпе модификација во правец на проширување на нејзиниот опсег со воведување на обуки на персоналот на АХВ за “Принципите на стандардот ISO 9001” со цел изградување на системот на институционално ниво.

Исто така, како орган надлежен за увоз и извоз на храна, АХВ побара и подршка во процесот на подготовка и аплицирање за акредитација како сертификационо тело за производи согласно EN 45011 (ISO/IEC Guide 65).

## III.10 Одделение за ветеринарна инспекција во ветеринарно јавно здравство

- ***Официјални контроли:***

На територијата на Република Македонија од вкупно 44 Официјални Ветеринари во текот на 2011 година извршени се 19.952 контроли и тоа:

- внатрешен промет (производство и преработка на производи од животинско потекло) 11.123 контроли;
- контроли направени при увоз на храна од животинско потекло 6.946; и
- 1.883 направени контроли за извршени извози на храна од животинско потекло од Република Македонија.

При извршени официјални контроли на објектите, операторите со храна издадени се 5.191 записник. Врз основа на претходно издадените записници издаени се 846 решенија по кои е постапено во 830 и поднесени се 16 платни налози за глоба од кои 14 се завршени со порамнување, а 2 се решени пред прекршочна комисија. Издадена е една мандатна казна.

Поднесена е една кривична пријава за измама на потрошувачи.

Земени се вкупно 889 мостри на храна од животинско потекло и тоа за:

- микробиолошка анализа 298 мостри;
- хемиска анализа 153 мостри;
- анализа за присуство на антибиотици во храна 108 мостри;
- анализа за присуство на хормони во храна 90 мостри;
- анализа за присуство на пестициди во храна 105 мостри, и
- анализа за присуство на отровни материи во храна 135 мостри.

Одземена и уништена небезбедна храна од животинско потекло вкупно 77.394 кг:

- хигиенски не исправна 55.735 кгр. (контаминирана храна, микробиолошки не исправна, недекларирана и сл.);
- не исполнување на критериумите за квалитет 21.659 кгр. (поминат рок, неправилно декларирана, бомбажа и сл.).

Бројот по вид и категорија на животни прегледани и заклани во одобрени кланици вкупно изнесува 921.802 единки од кои е добиено 14.479.376 кг месо.

| | Број на заклани животни | Добиено месо |
|---|---|---|
| Говеда | 1.270 | 2.415.361 |
| Јуниња | 3.593 | 584.531 |
| Телиња | 1.510 | 95.458 |
| Бик | 3 | 679 |
| Свињи | 134.195 | 6.991.379 |
| Прасиња | 8.257 | 81.944 |
| Овци | 1.291 | 19.403 |
| Јагниња | 326.130 | 3.784.971 |
| Кози и јариња | 177 | 1.830 |
| Кокошки | 186.423 | 182.478 |
| Бројлери | 258.787 | 319.769 |
| Ноеви | 29 | 1.325 |
| Зајаци | 100 | 163 |
| Останато | 34 | 36 |

1. Извршени официјални контроли

| | |
|---|---|
| - Внатрешен промет (производство) | 11.123 |
| - увоз | 6.946 |
| - извоз | 1.883 |
| **Вкупно:** | **19.952** |

2. Прегледана храна

| | |
|---|---|
| - Внатрешен промет (производство) | 217.064.971 |
| - Увоз | 113.850.584 |
| - Извоз | 23.666.676 |
| **Вкупно килограми:** | **354.582.231** |

3. Прегледана храна по производ

| | |
|---|---|
| - Месо и производи од месо | 107.078.219 |
| - Млеко и млечни производи | 148.326.788 |
| - Риби и производи од риби | 6.313.677 |
| - Јајца | 89.203.907 |
| - Производи од јајца | 625.406 |
| - Мед | 806 |
| - Храна за миленици | 344.745 |
| - Храна за риби | 209.890 |
| - Добиточна храна | 754.960 |
| - Рибино брашно | 91.800 |
| - Кондитории | 265.613 |

| | |
|---|---|
| - Останато | 1.299.940 |
| - Солени свински црева | 66.480 |
| **Вкупно килограми:** | **354.582.231** |

4. Издадени записници при контрола на објекти
   - записници 5.191

5. Издадени решенија за отстранување на недостатоци
   - решенија 846

6. Поднесени пријави за прекршоци
   - пријави за прекршоци 17

7. Лабораториски испитани мостри од храна
   - мостри 889

8. Хигиенски неисправна и небезбедна храна
   - килограми хигиенски неисправни намирници 77. 394

9. Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка
   - прекршочни пријави 14

- ***<u>Издадени Мислења за усогласеност на проектната документација - планирана инвестиција со одредбите од ЕУ и Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршување на инвестицијата</u>***

Во текот на 2011 година, Одделението за ветеринарна инспекција во Секторот за ветеринарно јавно здравство има издадено вкупно 10 (десет) *Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ*, како и вкупно 6 (шест) *Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршување на инвестицијата.*

| Датум на доставено барање за издавање на мислење | Оператор | Датум на издадено мислење |
|---|---|---|
| 23.02.2011 | Сточарство Богданци | 28.02.2011 |
| 03.03.2011 | Млекара Јока | 15.03.2011 |
| 09.03.2011 | Млекара Маврово ЈТ | 21.03.2011 |
| 20.05.2011 | АД Млекара Тетово | 02.06.2011 |
| 20.05.2011 | Млекара Галичник | 02.06.2011 |
| 20.05.2011 | Млекара Осогово Милк | 02.06.2011 |
| 01.06.2011 | Бома Фарм | 17.06.2011 |
| 01.06.2011 | 96 Славија Трејд | 15.06.2011 |
| 04.10.2011 | Бај Мелк | 14.10.2011 |
| 22.12.2010 | Млекара Милком | 02.02.2011 |

| Дата на доставено барање за издавање на потврда | Оператор | Датум на издадена потврда |
|---|---|---|
| 21.03.2011 | Млекара Маврово ЈТ | 25.03.2011 |
| 23.02.2011 | Сточарство Богданци | 25.03.2011 |
| 24.08.2011 | Млекара Милком | 07.09.2011 |
| 14.10.2011 | МИК | 19.10.2011 |
| 17.11.2011 | Млекара Штип | 29.11.2011 |
| 06.09.2011 | Пивко | 30.09.2011 |

## IV. СЕКТОР ЗА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

### IV.1. Одделение за храна од неживотинско потекло

1. Активности околу објавувањето на Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија за 2011 година - Обврска на одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло беше да се подготви / прилагоди Програмата како експертски документ, што е и направено Програмата за безбедност на храната во РМ е објвена во сл. Весник на РМ бр.37/11.

2. Изготвен е одговор на барањето на Институтот за јавно здравство околу мониторингот на водата за пиење од Јавните комунални претпријатија - Потребна е комуникација со Министерството за здравство околу планирањето на Мониторинг програмата за контрола на водата од Јавните водоснабдителни објекти во градските општини.

3. Активно учество во комисијата за регистрација на индустриските објекти за производство на храна од неживотинско потеко - Изготвени се 23 решенија и мислења за регистрација на индустриски објекти. Направени се комисиски контроли во Скопје 7 објекта, Струмица 2 објекти, Кавадарци 6, Крива Паланка 1, Кочани 2, Прилеп 2 и Гостивар 3.

4. Одговор на барање на Нестле за означување на прозвод, Одговор на барање на Жито Лукс за пакувањето на лебот, Одговор на барање за енергетски пијалоци Работа на анализа за донесување на нов Правилник усогласен со Регулативата 852 од 2004 год.

5. Учество на состанок на Управниот одбор за пестициди во организација на Европската Агенција за безбедност на храна (EFSA), Учество на работилница за активностите на Кодекс Алиментариус, Учество на Светски конгрес на EHEDG, Учество на работилница за официјални контроли во рамките на СИДА проектот, Учество на работилница за Стратегијата за храна во Република Македонија во рамките на Сида проектот

6. Работа на изготвување на прашалник за регистрација на времени објекти како прилог во Правилникот за измена и дополна на правилникот за регистрација на објектите од неживотинско и регистрација на објектите од животинско потелкло, Работа на Водич за категоризација на ризици во угостителски објекти, Изработка на коментари на Законот за безбедност на храната во РМ, Работа на анализа за донесување на нов правилник за означување (Со донесување на Регулативата 1169 на ЕУ се покажа за потребна ваква анализа за да се процени основаноста на донесувањето на овој правилник и менувањето на стариот правилник за означување).

## IV.2. Одделение за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и адитиви

Изработка на мислења за исполнување на законските барања во однос на составот и означувањето на храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на исхрана по барање на странки - Вкупно издадени мислења за 2011 год. – 1454, Позитивни – 1191, Негативни – 188, Повлечени – 75.

Водење електронски регистар на одобрени производи како додатоци на исхрана храна за посебна нутритивна употреба и храна на која и се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции - Евидентирани дополнителни 1191 производи во електронскиот регистар на одобрени производи како храна за посебна нутритивна употреба, храна на која и се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции, додатоци на храна.

Изработка на Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца - Објавен Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца (Службен весник на РМ, бр. 21 од 21.2.2011 година).

Изработка на Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - млечна храна за доенчиња - Објавен Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - млечна храна за доенчиња (Службен весник на РМ, бр. 21 од 21.2.2011 година).

Изработка на Правилник за начинот и постапката за издавање на мислење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по барање на странка за производство и увоз на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна, храна на која и се додадени витамини и минерали - Објавен Правилник за начинот и постапката за издавање на мислење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по барање на странка за производство и увоз на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна, храна на која и се додадени витамини и минерали ( Службен весник на РМ, бр. 184 од 29.12.2011 година).

Изработка на Правилник за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана - Објавен Правилник за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана (Службен весник на РМ, бр. 12 од 26.01.2012 година).

Подготовка на нацрт Правилник за адитивите што се употребуваат во производство на храната и негово објавување.

Давање консултации и одговори на писмени барања на бизнис операторите со храна во врска со постапката за издавање на мислење и законските барања кои се однесуваат на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба, додатоците на исхрана, збогатената храна и адитивите - Зголемување на степенот на исполнување на законските барања кои се однесуваат за производите од групата на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на исхрана, збогатена храна и адитиви.

Соработка со надлежни институции и стручни лица од областа на додатоци на исхрана и храна за посебна нутритивна употреба - Објавени на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство:

- Листи на дозволени супстанции кои можат да се употребуваат во производство на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна.
- Листи на забранети супстанции кои не можат да се употребуваат во производство на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна

## IV.3. Одделение за ГМО, храна и состојки на храна произведени со иновирании технологии, храна произведена со јонизирачко зрачење и други видови храна, производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна

Службените обврски и активностите поврзани за одделението во 2011 година, поради познати причини (односно немање канцеларија) во Агенција за храна и ветеринарство сите обврски ги менаџираше од канцеларија на АХВ подрачна единица Тетово, во текот на годината учествувал на повеќе состаноци повикани од страна на директорот на Агенција за храна и ветеринарство во врска со планот и програмата за донесување на под законски акти и други службени обврски побарани од директорот. Во текот на првиот квартал од 2011 година од страна на Јавна здравствена установа – Тетово доставени позитивни наоди на вода за пиење за кои подготвив решенија над субјекти одговорни за одржување на вода за пиење во здравствената исправна состојба – безбедна вода за пиење. Исто така по поднесеното барање за регистрација од страна на приватна фирма - млин Балкан лоцирано во с. Џепчиште Тетовско извршен надзор и е донесено одобрение за исполнување на минимум хигиенотехнички услови за работа – “производство на брашно и други брашни производи”. Во првите три квартали од годината бев редовно ангажиран на работа во канцеларија на царинска испостава Тетово, за овој временски период примени и решени се 413 барања од увоз на храна и оптшите предмети кои доаѓаат во контакт со храна и подготвени се согласности и решенија за сите предмети.

Учество на обуки: EHEDG Светски конгрес за хигиенско инженерство и дизајн, Квалитет и безбедност на храна – Производство и преработки на храна, 22-23.09.2011 во Охрид и TAIEX - Expert mission on import control of GMO food and novel food, одржана во Скопје 22-25.11.2011 г.

По план и програма за 2011 година дизајнирана од страна на директорот беа донесени следниве под законски акти:

1. Правилник за начинот и постапката за издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на производот од групата на ГМО храна;
2. Правилник за начинот и постапката на издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии;
3. Правилник за начинот на издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за полнење и ставање во промет на минерална вода;
4. Учество во Комисија за процена на усогласеноста на производи на минерална вода со барањата за безбедност утврдени со прописите од обласа на безбедност на храна и издавање на одобренија;
5. Учество во усогласување на прописите кои ги регулираат стандардите во однос на храна произведена со иновирани технологии, генетски модифицирана храна, како и храна произведена со јонизирачко зрачење и други видови храна согласно промените во ЕУ;
6. Комуникација во рамките на научната мрежа на EFSA за проценка на ризикот на ГМО храна;
7. Учество во проектни активности на МААЕ проектот МАК 5007: „Assessing and Enabling the Implementation of Food Irradiation Technologies".

Учеството на обуки и состаноци: втор состанок со експертите на земјите-членки од ЕФСА научната мрежа за проценка на ризикот на ГМО храна, 9-10.06.2011 год. во Парма, Италија, работилница на тема „Преговори за пристапување во ЕУ во областа на животната средина" организирана од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Шведската Агенција за заштита на животната средина (СЕПА) – 16.09.2011 год. во Скопје, EHEDG Светски конгрес за хигиенско инженерство и дизајн, Квалитет и безбедност на храна - Производство и преработки на храна, 22-23.09.2011 во Охрид, обука за транспонирање на законодавството на Република Македонија, организирана од страна на Секретаријат за законодавство, 09.11.2011 год. во Скопје, работилница за општите обврски и принципи на официјалните контроли, контролни и верификациони процедури, контролни активности, методи и техники организирана од Проектот "Развој на инфраструктурата за квалитет и

регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа” во Скопје, 15-18.11.2011 година, TAIEX - Expert mission on import control of GMO food and novel food, одржана во Скопје 22-25.11.2011 и работилница за изработка на интегрирана стратегија за безбедност на храна организирана од Проектот “Развој на инфраструктурата за квалитет и регулативата за контрола на безбедноста и квалитетот на храната во Југоисточна Европа”, 05-09.12.2011 – Охрид.

**IV.4. Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло**

Во структурата на Агенцијата за храна и ветеринарство, во Секторот за храна од неживотинско потекло припаѓа и Одделението за државна испекција за храна од неживотинско потекло. Надлежност на одделението е да го редуцира ризикот од небезбедна храна во Република Македонија, така што планира, организира и извршува официјални контроли на објектите и операторите со храна од неживотинско потекло и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Превземните активносте од страна на инспекторите за храна при спроведување на официјалните контроли се согласно одредбите од Законот за безбедност на храната, согласно планот и програмата на одделението за 2011 година.

Основна цел на Одделението за државна испекција за храна од неживотинско потекло е да се заштитат потрошувачите од небезбедна храна со подигање на нивото на производство, промет и дистрибуцијата на храна, од аспект на безбедност.

Во одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, работните задачи ги координира раководител на одделението, официјалните контроли ги вршат 42 инспектори за храна распоредени во подрачни единици низ целата територија на Република Макаедонија, 16 инспектори за храна распределени на 10 гранични премини, 4 помлади соработници и 11 референти.

Официјалните контроли над објектите и операторите со храна од неживотинско потекло, инспекторите за храна ги вршеа континуирано на целата територија на Република Македонија, со одредена динамика согласно годишни, месечни, неделни или дневни планови и програми.

Со официјални контроли на граничните премини, во целост се контролираше внесувањето во Република Македонија на храна и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната. Покрај овие активности, се вршеше и регистрација на објекти и оператори со храна и се постапуваше по преставки и барања на потрошувачите.

Извршените активности на Одделеноето за дражавна инспекција за храна од неживотинско потекло во приказот се преставени нумерички и графички.

**<u>Официјални контроли во објекти за производство и промет со храна</u>**

*<u>Извршени официјални контроли</u>*

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 1.410 |
| - во угостителски објекти | 2.888 |
| - во објекти за промет со храна | 2.490 |
| - во водоснабдителни објекти | 172 |
| ВКУПНО: | 6.960 |




*<u>Извршени инспекциски надзори</u>*

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 1.823 |
| - во угостителски објекти | 3.734 |
| - во објекти за промет со храна | 3.258 |
| - во водоснабдителни објекти | 198 |
| ВКУПНО: | 9.013 |




*Извршени едукации*

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 181 |
| - во угостителски објекти | 423 |
| - во објекти за промет со храна | 398 |
| - во водоснабдителни објекти | 2 |
| ВКУПНО: | 1.004 |




*Издадени решенија за отстранување на недостатоци*

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 463 |
| - на угостителски објекти | 856 |
| - на објекти за промет со храна | 626 |
| - на водоснабдителни објекти | 552 |
| ВКУПНО: | 2.497 |




*Издадени решенија за забрана за вршење дејност*

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 41 |
| - на угостителски објекти | 22 |
| - на објекти за промет со храна | 19 |
| - на водоснабдителни објекти | 497 |
| ВКУПНО: | 579 |




*Споредбен приказ на Извршени официјални контроли / инспекциски надзори / едукации / решенија за отстранување на недостатоци / решенија за забрана за вршење дејност*




*Лабораториски испитани мостри од храна*

- од објекти за производство на храна 233
- од угостителски објекти 472
- од објекти за промет со храна 149
- од водоснабдителни објекти 15

ВКУПНО: 869




*Небезбедни мостри храна*

- од објекти за производство на храна 0
- од угостителски објекти 20
- од објекти за промет со храна 6
- од водоснабдителни објкети 3

ВКУПНО: 29

*Понудени порамнувања*

| | |
|---|---|
| -на објекти за производство на храна | 11 |
| -на угостителски објекти | 11 |
| -на објекти за промет на храна | 12 |
| -на водоснабдителни објкети | 0 |
| ВКУПНО: | 34 |

*Поднесени барања за поведување прекршочни постапки*

| | |
|---|---|
| - за објекти за производство на храна | 6 |
| - за угостителски објекти | 8 |
| - за објекти за промет со храна | 10 |
| - за водоснабдителни објекти | 0 |
| ВКУПНО: | 24 |

*Кривични пријави*

| | |
|---|---|
| - за објекти за производство на храна | 1 |
| - за угостителски објекти | 0 |
| - за објекти за промет со храна | 3 |
| - за водоснабдителни објекти | 0 |
| ВКУПНО: | 4 |

*Одстранети лица од работно место со храна поради неизвршени здравствени прегледи*

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 508 |
| - од угостителски објекти | 942 |
| - од објекти за промет со храна | 504 |
| - од водоснабдителни објекти | 25 |
| ВКУПНО: | 1.979 |




*<u>Одстранети лица од работно место со храна поради бацилоносителство</u>*

| | |
|---|---|
| - од објекти за производство на храна | 270 |
| - од угостителски објекти | 283 |
| - од објекти за промет со храна | 202 |
| - од водоснабдителни објекти | 7 |
| ВКУПНО: | 762 |

*<u>Упатени лица на обука за хигиена на храна</u>*

| | |
|---|---|
| - од 50 објекти за производство на храна | 163 |
| - од 108 угостителски објекти | 327 |
| - од 77 објект за промет со храна | 176 |
| ВКУПНО: | 666 |

*<u>Поништена небезбедна храна</u>*

| | |
|---|---|
| - во објекти за производство на храна | 38.905 кг |
| - во угостителски објекти | 116 кг |
| - во објекти за промет со храна | 212.239 кг |
| ВКУПНО: | 251.260 кг |




***<u>Регистрирани објекти и оператори со храна</u>***

| | |
|---|---|
| - на објекти за производство на храна | 497 |
| - на угостителски објекти | 1.112 |
| - на објекти за промет со храна | 1.513 |
| - на водоснабдителни објекти | 7 |
| ВКУПНО: | 3.129 |

**<u>Инспекциски надзор при увоз</u>**

*<u>Контролирани пратки од увоз и количина</u>*

| | |
|---|---|
| - храна | бр. на пратки 16.302<br>количина 429.955 тони |
| - производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | бр. на пратки 7.511<br>количина 55.300 тони |
| ВКУПНО: | бр. на пратки 23.813<br>количина 485.255 тони |

**Лабораториски испитани мостри при увоз**

| | |
|---|---|
| - храна | 9.457 |
| - производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | 2.260 |
| ВКУПНО: | 11.717 |




*Забранет увоз*

- храна — бр. на пратки 4, количина 26.072 кг.

*Споредбен приказ на контролирани пратки при увоз на храна / Лабораториски испитани мостри / Забранети пратки од увоз на храна*




## Инспекциски надзор при извоз

Издадени сертификати за безбедност на храна 268

Работата на Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло е прикажана на следните табели:

Табела 1

**Агенција за храна и ветеринарство**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за извршени контроли на објекти на оператори со храна во П.Е.**

**Одделение за државна инспекција**
**за храна од неживотинско потекло**

**период: од 01.01 до 31.12.2011год.**

| Бр. | Вид на извршена работа | | Водоснабдителни објекти | Производство на храна | Угостителски објекти | Објекти за промет со храна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Записници за контрола | | 172 | 1410 | 2888 | 2490 | 6960 |
| 2 | Записници за извршени едукации | | 2 | 181 | 423 | 398 | 1004 |
| 3 | Решенија | наредба | 552 | 463 | 856 | 626 | 2497 |
| | | забрана | 497 | 41 | 22 | 19 | 579 |
| | | вкупно | 1049 | 504 | 878 | 645 | 3076 |
| 4 | Записник за постапување по едукација и решение | | 26 | 413 | 846 | 768 | 2053 |
| 5 | Понудени порамнувања | | | 11 | 11 | 12 | 34 |
| 6 | Барање за прекршочни постапки | | | 6 | 8 | 10 | 24 |
| 7 | Кривична пријава | | | 1 | | 3 | 4 |
| 8 | Регистрирани објекти | | 7 | 497 | 1112 | 1513 | 3129 |
| 9 | Одстранети лица без преглед | | 25 | 508 | 942 | 504 | 1979 |
| 10 | Бацилоноси тели | Staphyloc. aureus | 7 | 265 | 280 | 200 | 752 |
| | | Salmonella | | 5 | 3 | 1 | 9 |
| | | Proteus | | | | 1 | 1 |
| | | вкупно | 7 | 270 | 283 | 202 | 762 |
| 11 | Обука за хигиена | бр. на упатени лица | | 163 | 327 | 176 | 666 |
| | | бр. на фирми | | 50 | 108 | 77 | 235 |
| 12 | Земени мостри | | 15 | 233 | 472 | 149 | 869 |
| 13 | Уништена храна по барање на странка (кг.) | | | 38220 | 4 | 160026 | 198250 |
| 14 | Уништена храна при контрола (кг.) | | | 685 | 112 | 52213 | 53010 |
| 15 | Претставки од граѓани | писмени | 3 | 20 | 27 | 39 | 89 |
| | | усни | 1 | 3 | 9 | 21 | 34 |
| | | вкупно | 4 | 23 | 36 | 60 | 123 |
| 16 | Сертификати за храна | | | 435 | | 4 | 439 |

Табела 2

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за извршени контроли на при увоз на храна

Агенција за храна и ветеринарство

Одделение за државна инспекција
за храна од неживотинско потекло

период: од 01.01. до 31.12.2011 год

| Бр. | Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки | Количина (кг.) | Дозволен увоз на храна | | Забранет увоз | | Издадени согласности за влез со ускладиштување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Број на мостри |
| 1. | Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 2531 | 126912670 | 665 | 12471061 | 1 | 25000 | 1865 | 114416609 | 3499 |
| 2. | Масти и масла од растително потекло | 1516 | 63791120 | 985 | 47097957 | | | 531 | 16693163 | 531 |
| 3. | Адитиви за прехранбена индустрија | 994 | 6443883 | 473 | 3549916 | | | 521 | 2893967 | 521 |
| 4. | Какао производи, чоколади и бонбонски и крем.производи и суровини за производство | 2336 | 20496203 | 1405 | 10400301 | | | 931 | 10095902 | 939 |
| 5. | Овошје, зеленчук и преработки | 4311 | 85753209 | 2634 | 50630566 | | | 1677 | 35122643 | 1678 |
| 6. | Оцет | 49 | 577025 | 28 | 317761 | | | 21 | 259264 | 21 |
| 7. | Вино и алкохолни пијалоци | 243 | 2515085 | 132 | 1210689 | | | 111 | 1304396 | 112 |
| 8. | Пиво и безалкохолни пијалоци | 1408 | 25268465,2 | 841 | 15024374,2 | | | 567 | 10244091 | 569 |
| 9. | Природни минерални води | 371 | 10084849 | 221 | 6067386 | | | 150 | 4017463 | 150 |
| 10. | Сол | 188 | 8488814 | 59 | 2003579 | | | 129 | 6485235 | 133 |
| 11. | Кафе и чаеви | 737 | 9491212 | 391 | 5503730 | | | 346 | 3987482 | 346 |
| 12. | Детска храна и храна за доенчиња | 147 | 1145053 | 51 | 353874 | | | 96 | 791179 | 96 |
| 13 | Диететски производи и додатоци на храна | 580 | 612335 | 303 | 303995 | 3 | 1072 | 274 | 307268 | 276 |
| 14 | Шеќер | 627 | 65150960 | 265 | 8888294 | | | 362 | 56262666 | 442 |
| 15. | Зачин и зачински смеши | 233 | 2428827 | 105 | 1547733 | | | 128 | 881094 | 128 |
| 16. | Останато | 31 | 795388,67 | 15 | 171257 | | | 16 | 624132 | 16 |
| 17. | Вкупно: | 16302 | 429955099 | 8573 | 165542473 | 4 | 26072 | 7725 | 264386554 | 9457 |

Табела 3

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

за извршени контроли при увоз на
производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна

Агенција за храна и ветеринарство

период од 01.01 до 31.12.2011 год.

Одделение за државна инспекција
за храна од неживотинско потекло

| Бр. | Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки | Количина (кг.) | Дозволен увоз на храна | | Забранет увоз | | Издадени согласности за влез со ускладиштување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. на пратки | Количина (кг.) | Бр. На пратки | Количина (кг.) | Бр. На пратки | Количина (кг.) | Број на мостри |
| 1. | Метални садови и прибор со или без примеси и заштитни слоеви | 1083 | 3884621 | 723 | 2666153 | 0 | 0 | 360 | 1218468 | 361 |
| 2. | Машини и апарати за производство на храна | 1035 | 1957441 | 833 | 1670578 | 0 | 0 | 202 | 286863 | 205 |
| 3. | Материјали и предмети од дрво | 234 | 1975392 | 180 | 1628528 | 0 | 0 | 53 | 346864 | 59 |
| 4. | Материјали и предмети од стакло, порцелан и керамика | 1709 | 20737213 | 1090 | 13261261 | 0 | 0 | 619 | 7475952 | 621 |
| 5. | Материјали, предмети и садови од вештачки маси | 2265 | 17887589 | 1543 | 10540565 | 0 | 0 | 723 | 7347024 | 724 |
| 6. | Материјали и предмети од хартија, гума и текстил | 690 | 5590986 | 531 | 4174682 | 0 | 0 | 159 | 1416304 | 161 |
| 7. | Течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 81 | 727667 | 32 | 226060 | 0 | 0 | 49 | 501607 | 49 |
| 8. | Тутун, преработки и производи од тутун | 126 | 1765502 | 90 | 1263707 | 0 | 0 | 36 | 501795 | 38 |
| 9. | Суровини за производи од тутун и адитиви за тутун | 164 | 527642 | 151 | 471205 | 0 | 0 | 13 | 56437 | 13 |
| 10. | Прибор за пушење | 15 | 9564 | 7 | 605 | 0 | 0 | 8 | 8959 | 8 |
| 11. | Останато | 109 | 236831 | 88 | 76300 | 0 | 0 | 21 | 160531 | 21 |
| 12. | Вкупно: | 7511 | 55300448 | 5268 | 35979644 | 0 | 0 | 2243 | 19320804 | 2260 |

## V. СЕКТОР ЗА ГРАНИЧНА ВЕТЕРИНАРНА ИНСПЕКЦИЈА

На централно ниво секторот за гранична инспекција опфаќаше три одделенија и тоа: Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло, Одделение за меѓународна трговија и сертификација, со вкупно вработени 6 државни службеници.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, кое на центрлано ниво брои 6 државни службеници. Граничните премини каде се дозволени увозот, извозот и провозот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги определува Владата на Република Македонија. Ветеринарниот проверка и преглед на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на **18 официјални ветеринари распоредени на ветеринарни инспекциски места на 9 гранични премини.**

Обврската на Република Македонија да организира ветеринарна контрола на граничните премини произлегува од Законот за ветеринарното здравство, Кодексот на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) со седиште во Париз чиј член е и Република Македонија, меѓународните билатерални договори за соработка во областа на ветеринарството и меѓународните конвенции за контрола на стоки на границите.

Врз основа на Законот за ветеринарно здравство, официјалниот ветеринар на граничниот премин при службен надзор и контрола има право и должност да врши ветеринарни проверки и прегледи на пратките со живи животни и производи од животинско потекло.

Секторот за гранична ветеринарна инспекција во идниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите во делот на усогласување на легислативата согласно европските стандарди, што суштински преставува усогласување и примена на ЕУ принципите и политиките во согласност со европските норми, преку спроведување на веќе изготвените законски акти како и со донесување на идните, предвидени со Поглавјето 12 од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Спроведување на горенаведените активности ќе придонесе за непречено остварување на целосната легислатива од областа на ветеринарното здравство во делот на граничната ветеринарна инспекција, со што би се постигнало соодветно управување во ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна, но и директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски служби, а како последица на тоа, успешно спроведени ветеринарни контроли согласно високите ЕУ стандарди.

Со овој нов реорганизиран концепт, Секторот за гранична инспекција-Оделение за гранична ветеринарна инспекција како дел од **АХВ во текот на 2011 година активно учествуваше во процесот на воспоставувањето на системот на Интегрираното гранично управување**, врз основа на Стратегијата за интегрираното гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување, со што се овозможува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница, согласно европските стандарди и најдобрата пракса, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евроатлантските структури.

**АХВ** како орган вклучен во Интегрираното гранично управување, преку **Секторот за гранична инспекција во 2011 година,** продолжи со превземање организирани и координирани мерки посебно **со царинските служби и граничната полиција како и сите други јавни служби присутни на граничните премини** во надзорот на законитоста на влезот и излезот на стоки и превозни средства, спречувањето и откривањето на сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките.

Во доставениот извештај се презентира **работењето на Секторот за гранична инспекција-Оделение за гранична ветеринарна инспекција во 2011 година**. Извештајот се состои од пет дела и тоа: Дел 1-Општ табеларен и графички приказ на фреквенција на пратки од животинско потекло од страна на официјалните ветеринари на граничен премин во 2011 година , Дел 2-Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко, Дел 3-Преглед на увезени пратки месо и производи од месо Дел 4-Преглед на увезени пратки акватични животни и производи од акватични животни  и  Дел 5-Општ табеларен и графички приказ на остварени приходи од проверките и прегледите на пратки од животинско потекло од страна на официјалните ветеринари на граничен премин во 2011 година. Извештајот содржи и графички приказ на работењето на Сектор за гранична ветеринарна инспекција, компаративно, во изминатите, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година во најзначајните сегменти од работењето на Секторот.

### V.I. Преглед на фрекфенција на пратки во увоз и транзит на ветеринарни инспекциски места на граничните премини во Република Македонија

Во 2011 година, во Република Македонија се увезени 16.758 пратки од кои 69% се увезени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, а 18% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица. Останатите13% од увезените пратки се внесени на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин.

Во 2011 година, од вкупно 3.198 пратки во транзит, 48% минале на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, 19% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица, 18% на Деве Баир, 11% на Ново Село, а останатите 4% од пратките транзитирале на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин (табела 1 и слика 1).

*Табела 1: Број на пратки од животинско потекло кои се увезени и транзитирале на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2011 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Табановце | 10.093 | 1.526 | **11.619** |
| Богородица | 2.409 | 620 | **3.029** |
| Деве Баир | 339 | 565 | **904** |
| Ново Село | 107 | 358 | **465** |
| Меџитлија | 266 | 93 | **359** |
| Аеродром Скопје | 107 | 6 | **113** |
| Кафасан | 91 | 2 | **93** |
| Блаце | 148 | 28 | **176** |
| Вкупно | **13.560** | **3.198** | **16.758** |




Во периодот од 2006 до 2011 година, во Република Македонија просечниот број на внесени – увезени пратки изнесува 11.207, а просечниот број на пратки во транзит е 4.131.

Во периодот од 2006 до 2007 година, вкупниот број на увезени и пратки во транзит, постепено се зголемувал. Споредбено во периодот 2008, 2009 и 2010 кога вкупниот број на увезени и пратки во транзит постепено се намалува, во 2011 година се забележува пораст на пратките од увоз, и благ пораст на пратките во транзит.

Најголем број пратки се увезени во 2007 година. Во перидот 2008-2011 година, има пад на бројот на пратки во транзит, а постепено се зголемува бројот на увезени пратки.

Во однос на просекот, во 2011 година, бројот на пратки во увоз е зголемен за 21%, а на пратките во транзит е намален за 22,6% (табела 2 и слика 2).

*Табела 2: Број на пратки кои поминале на граничните премини при увоз и транзит во Република Македонија од 2006 до 2011 година*

| | Година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | Просек 2006-2011 |
| **Увоз** | 9,771 | 12,826 | 9,905 | 10,008 | 11,173 | 13,560 | 11,207 |
| **Транзит** | 6,776 | 4,693 | 3,941 | 3,348 | 2,830 | 3,198 | 4,131 |
| **Вкупно** | 16,547 | 17,519 | 13,846 | 13,356 | 14,003 | 16,758 | 15,338 |




<u>**Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко**</u>

Во 2011 година увезени се вкупно 1.300 пратки млеко или 19.003.080 килограми и 3.552 пратки производи од млеко или 17.612.939 килограми, што е за речиси 50% повеќе пратки млеко и производи од млеко во однос на 2010 година.

Пратките со млеко учествуваат со 26,7% од вкупниот увоз. Најголем увоз на млеко во нашата земја во 2011 година има од Босна и Херцеговина (10.149.270 кг; односно 53% од увозот на млеко и 28% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Со значителен процент се истакнуваат и земјите: Србија (4,830,879 кг млеко; односно 25% од увозот на млеко и 13% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки) и Хрватска (3,331,185 кг млеко; односно 18% од увозот на млеко и 9% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки).

Најголеми земји извозници во Република Македонија на производи од млеко се: Србија, Германија, Хрватска, Грција и Словенија со 21,5%; 19,6%; 17,6%; 12% и 5% (соодветно) од увозот на производи од млеко и 10%; 9,5%; 8,5%; 5,7% и 2,5% од вкупниот увоз на оваа категорија пратки (табела 3 и слика 3).

Пратките со евапорирано млеко, како производ од млеко кој најчесто се користи како суровина во млечната и прехранбената индустрија, учествуваат со 3,2% од вкупниот увоз на млеко и негови производи. Најголем увоз на млеко во прав во нашата земја во 2011 година има од Чешка (824,075 кг; односно 35% од увозот на млеко во прав и 2% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Во помал процент како земји извознички се јавуваат и Полска со 14% од пратките со млеко во прав , Словенија со 9% и Литванија со 7%.

Табела 3: Увоз на пратки млеко и производи од млеко во 2011 година

| Вид на пратка | Количина (кгр) | Број на пратки |
|---|---|---|
| **Млеко** | 19,003,080 | 1,300 |
| **Сирење** | 2,724,951 | 562 |
| **Кашкавал** | 1,362,052 | 188 |
| **Сладолед** | 2,361,325 | 253 |
| **Згуснато и кандирано млеко** | 1,061,085 | 177 |
| **Млеко во прав** | 2,346,565 | 158 |
| **Други производи од млеко** | 10,103,526 | 2,214 |
| **Вкупно** | **38,962,584** | **4,852** |




Во однос на 2009 година има зголемување на бројот на увезени пратки млеко за 20% (од 1,082 на 1,300 пратки) , следствено и во однос на количество во килограми пораст за 13,7 % (од ~16,700,000 на ~19,000,000 килограми). Споредбено 2010 година со 2011 има зголемување на количеството во килограми и тоа за незначителни 8% (од ~17,600,000 на ~19,000,000 килограми) (слика 4).

Споредбено со 2009 година, во 2011 година има зголемување на бројот на увезени пратки производи од млеко, и тоа за 108 %( од 1,708 на 3552 пратки), , а на количеството за 32,8%. Во однос на 2010 има зголемување на бројот на увезени пратки производи од млеко за 73% ( од 2,053 на 3552 пратки), а на количеството за 22,6% (слика 4).




<u>**Преглед на увезени пратки месо и производи од месо**</u>

Во 2011 година увезени се вкупно 4, 743 пратки месо (59,280,861 кг), што во споредба со 2010 година (3,863 пратки месо или 65,689,385 кг) е за 22,8% пратки повеќе, но во однос на увезените количини килограми месо, има пад од 9,76%. Живинското месо опфаќа 60% од вкупниот увоз на месо. Во увозот доминираат од Северна Америка –Канада со 14% од вкупната количина на увезено живинско месо, од Јужна Америка – Бразил со 21,3 % од вкупната количина на увезено живинско месо, а од Европските земји – Германија со 9,4 % од вкупната количина на увезено месо, потоа Грција, Холандија, Словенија и Бугарија (со учество од 10-2% од вкупната количина на увезено живинско месо) . Свинското месо опфаќа 19,% од вкупниот увоз на месо и најмногу е увезено од Шпанија со 31,7%, Канда со 25% и Германија со 20% од вкупната количина увезено свинско месо. Говедското месо опфаќа 21% од увозот на месо во 2011 година и најмногу од Австрија-47%, Полска-22%, Германија~17% како и Италија, Србија и Бразил со помалку од 2% од вкупната количина увезено говедско месо . Во 2011 година увезени се вкупно 1, 566 пратки производи од месо (7,966,544 кг). Најмногу производи од месо се увезени од Словенија 40% и Србија ~15%.

Табела 4: Увоз на месо и производи од месо во 2011 година

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| Живинско месо | 32,279,073 | 2,376 |
| Говедско месо | 11,588,561 | 843 |
| Свинско месо | 11,098,742 | 748 |
| Живински внатрешни органи | 3,002,252 | 356 |
| Говедски внатрешни органи | 958,231 | 339 |
| Свински внатрешни органи | 354,002 | 81 |
| Производи од месо | 7,966,544 | 1,566 |
| Вкупно | **67,247,405** | **6,309** |




Компаративната анализа на увозот на месо за периодот од 2006 до 2011 година укажува на континуиран линеарен пораст на количество на увезени пратки месо и тоа за 7% во 2011 година споредено со просечно увезената количина месо во периодот од 2006 до 2010 година.




## Преглед на увезени пратки акватични животни и нивни производи

Во 2011 година, увезени се вкупно 838 пратки од аквакултура (разладена, замрзната, солена, чадена) и производи од аквакултура, или 7.135.648 кг, што е за 54,5% повеќе во споредба со 2010 година, кога се увезени 508 пратки или 4.618.356 кг.

Во 2011 година, Аргентина е повторно најголемиот извозник во РМ, со 33,7% од вкупната увезена количина на пратките риба и производи од аквакултура и 51,5 % од увозот на замрзната риба(слика 7). Втор најголем извозник во нашата земја е Тајланд, со 17% од вкупната увезена количина на пратките риба и производи од аквакултура и 58% од увозот на производи од риба (конзервирана риба).

Од регионот, Грција е најголема земји извозник на пратки со риба и други акватични животни и тоа свежи/разладени, со 86% од увезената количина свежа риба. Потоа следат Албанија со 10% од увезената количина свежа риба, па Србија и Косово. Останати земји од кои се увезува риба и производи од аквакултура се Шпанија со 7% од вкупната увезена количина на пратките риба и производи од аквакултура па потоа Виетнам, Полска, Исланд, САД и Хрватска.



**<u>Реализирани финансиски средства од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло на Ветеринарни инспекциски места на граничните премини</u>**

Во 2011 година, од извршените проверки и прегледи на пратки од животинско потекло, при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничните премини во Република Македонија, остварен е финансиски приход од 93.843.000 денари, односно приближно околу 1.540.410 евра.

Најголем финансиски приход од проверка и преглед на пратки од увоз и транзит, имаат остварено ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (69%) и Богородица (20%), а сите останати премини заедно 11%.

Во однос на финансискиот приход од проверка и преглед на пратки **од увоз**, најголем удел имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (71%) и Богородица (21%), а сите останати премини заедно 8%. Овие бројки укажуваат дека најфреквентни премини за увоз се Табановце и Богородица.

Најголем удел во финансискиот приход од проверка и преглед на пратки **од транзит**, имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (49%), Богородица (15%), Ново Село (13%) и Деве Баир (19%). Овие бројки укажуваат дека за транзит најфреквентни се повеќе премини и тоа: Табановце, Богородица, Деве Баир и Ново Село, додека само 1% од приходите доаѓаат од транзит преку останатите премини.

| Граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Табановце** | 60,137,800 | 4,212,950 | 64,350,750 |
| **Богородица** | 17,662,650 | 1,313,000 | 18,975,650 |
| **Ќафасан** | 2,332,850 | 262,600 | 2,598,850 |
| **Деве Баир** | 2,377,100 | 1,688,600 | 4,065,700 |
| **Блаце** | 1,514,650 | 87,800 | 1,605,850 |
| **Останати (Меџитлија, Ново Село, Аеродром Александар Велики)** | 1,133,050 | 1,113,150 | 2,246,200 |
| **Вкупно** | **85,158,100** | **8,678,100** | **93,843,000** |

При компаративна споредба на остварените приходи за 2011 година и годините 2007, 2008, 2009, 2010 година, се забележува драстично зголемување на приходите од увоз, а намалување на приходите од транзит. Меѓутоа, како релевантна треба да се земе во предвид само споредбата со 2010 година, бидејќи во средината на 2009 година дојде до промена на висината на надоместокот за преглед кој се наплаќа ветеринарните инспекциски места на граничните премини согласно *Одлуката за висината на надоместокот за граничните ветеринарни контроли, за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни кои се ставаат во промет во Република Македонија* (Службен весник на Република Македонија бр.109/2009), со која се изврши усогласување на овие трошоци со минималните европски цени во овој дел. Сепак, повисоките приходи во 2011 во

однос на 2010 година претставуваат уште еден показател за зголемениот увоз на производи од животинско потекло, и пласирање на овој вид производи со потекло од други земји на пазарот во Република Македонија.

Во 2011 година, износот на приходите од увоз е зголемен за приближно 6 пати или 499% во однос на 2007 година, односно зголемен е за 3 пати или 196% во однос на просекот од претходните четири години (периодот од 2007 до 2010 година).

Во 2011 година, износот на приходите од транзит е намален за приближно 3 пати или 64% во однос на 2007 година, односно намален е за 2 пати или 52,3% во однос на просекот од претходните четири години (периодот од 2007 до 2010 година).

| Година | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2007** | 14,215,490 | 24,119,300 | 40,212,690 |
| **2008** | 13,225,700 | 23,514,700 | 36,740,400 |
| **2009** | 13,667,460 | 17,317,475 | 30,984,935 |
| **2010** | 73,896,900 | 7,743,800 | 81,640,700 |
| **2011** | **85,158,100** | **8,678,100** | **93,843,000** |



**Податоци за запленети, уништени и вратени пратки производи од животинско потекло кои подлежат на задолжителен ветеринарно-санитарен преглед и контрола при увоз, во 2011 година:**

| **Ветеринарни инспекциски места на граничен премин** | **Број на пратки месо** | **Опис на постапка** |
|---|---|---|
| **Табановце** | - 1 пратка тестенини со месо. Потекло Италија | Пратката во количина 322 **килограми**. Со записник **е уништена.** Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот. |
| | -1 пратка Говедско месо, со потекло од Германија. | Пратката во количина 2063 килограми **е вратена. Изминат рок на употреба.** |
| | -1 пратка храна за деца., со потекло од Германија- | Пратката во количина 60 **килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка Говетски внатрешни органи, со потекло од Полска | Пратката во количина 53 **килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка супа со месо., потекло Србија. | Пратката во количина 186 килограми **е вратена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка од мисиркино месо со потекло од Хрватска, | Пратката во количина 48 **килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка пилешки кожи и лој. Потекло Холандија. | Пратката во количина **100килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка Албумин. Потекло Холандија. | Пратката во количина 1604 килограми **е вратена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |

| | | |
|---|---|---|
| | -1 пратка супа со месо, потекло Хрватска. | Пратката во количина 604 килограми **е вратена. Објекот не е одобрен.** |
| | -1 пратка производи од живинско месо со потекло од Хрватска, | Пратката во количина 724 килограми **е вратена. Не е дозволен увоз согласно листата на земји од Правилникот.** |
| | -1 пратка говедско месо и свинско месо со потекло од Холандија, | Пратката во количина 1.104 и 8.104 килограми **е вратена. Истечен рок на употреба.** |
| | - 1 пратка живинско месо со потекло од Србија. | Пратката во количина 916 килограми **е вратена. Не соодветен Вет.здравствен сертификат.** |
| | - 1 пратка живинско месо со потекло од Србија. | Пратката во количина 1.003 килограми **е вратена. Не соодветен Вет.здравствен сертификат.** |
| | -1 пратка говедско месо со потекло од Белгија, | Пратката во количина 190 **килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка производи од млеко, со потекло од Германија. Транзит за Грција | Пратката во количина 20.000 килограми **е вратена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка црева со потекло од Чешка. | Пратката во количина 1.835 килограми **е вратена. Не соодветен Вет.здравствен сертификат.** |
| | -1 пратка млечни производи од Данска. | Пратката во количина 139 **килограми**. Со записник **е уништена. Не е обезбеден Вет.здравствен сертификат, од увозникот.** |
| | -1 пратка замрзнато свинско месо од Холандија, | Пратката во количина 3.666 **килограми**. Со записник **е уништена. Изминат рок на употреба.** |

| | | |
|---|---|---|
| **Богородица** | - 1 пратка храна за кучиња, транзит Грција-Австрија<br><br>- 1 пратка конзервирана риба, транзит Грција-Чешка<br><br>- 1 пратка храна за кучиња, увоз, Грција-Македонија | Пратката во количина **1.630 килограми,** не поседува ветеринсарно-здравствен сертификат и **е вратена.**<br><br>Пратката во количина 37 **килограми,** не поседува ветеринсарно-здравствен сертификат и **е вратена.**<br><br>Пратката во количина 6000 **килограми,** не поседува ветеринарно-здравствен сертификат и **е вратена.** |
| **Деве Баир** | нема | |
| **Ново Село** | нема | |
| **Меџитлија** | - 1 пратка млеко во прав за исхрана на луѓе<br><br>- 1 пратка млеко во прав за исхрана на луѓе, со потекло Шпанија. | **1.100 килограми** уништена по барање на странка причина: несоодветен сертификат-за исхрана на животни.<br><br>Пратка во количина од 22.000 **килограми** е вратена заради неисправен сертификат. |
| **Аеродром Скопје** | нема | |
| **Ќафасан** | - 1 пратка Кукички од полжави со потекло од Албанија.<br><br>-1 пратка Кукички од полжави со потекло од Албанија.<br><br>- 1 пратка , свежа риба со потекло од Норвешка.<br><br>- 1 пратка производи од месо со потекло од Бразил. | Пратката во количина 9.900 **килограми**, **е вратена. Физичка нечистотија**<br><br>Пратката во количина 10.480 **килограми**, **е вратена. Физичка нечистотија**<br><br>Пратката во количина 820 **килограми е вратена. Норвешка не беше на листа на одобрени земји.**<br><br>Пратката во количина 6.444 **килограми**. Со записник **е уништена. Несоодветен сертификат.** |
| **Делчево** | нема | |
| **Блаце** | -1 пратка производи од живинско месо со потекло од Бразил, | Пратката во количина 12.300 **килограми** со записник **ставена е под надзор, а потоа уништена.** |
| **Трубарево Скопје** | нема | |

# VI. СЕКТОР ЗА ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## I. Евроинтеграција и преговори

*1. Следење на степенот на реализација на активностите предвидени со НПАА рев 2011-Поглавје 12-Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*

По усвојувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ на 28 декември 2010 година, следуваше мониторинг и следење на статусот на планираните активности предвидени со НПАА ревизија 2011 година. Агенцијата за храна и ветеринарство има координативна улога за Поглавјето 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика и воедно носител на подрачјата од 1 до 5 со исклучок на последното (6-то) подрачје од Поглавјето каде што за носител е назначена Фитосанитарната Управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и една од институциите надлежна за креирање на фитосанитарната политика.

Поголем дел од законодавните активности предвидени со НПАА рев 2011 се реализирани, со тоа што донесени се вкупно 20 подзаконски акти во 2011 година. Еден дел од нереализираните активности се префрлени за НПАА рев 2012 (вкупно 9), додека пет (5) подзаконски акти се откажани од следните причини: донесени се како национални решенија или пак нивните одредби се составен дел на друг правилник што се усогласува со Европски пропис/и. Исто така, во сите подрачја постигнат е напредок во однос на зајакнување на административните и институционалните капацитети.

Како најзначаен се издвојува формирањето на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), независен орган на ВРМ надлежен за креирање и имплементација на политиката за безбедност на храна и ветеринарна политика. АХВ е формирана со спојување на Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство и Управата за ветеринарство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со формирањето на АХВ се надмина проблемот со преклопување на законските решенија што ја регулираа безбедноста на храната и надлежностите помеѓу горенаведените институции од една страна и се овозможи воспоставување на интегриран систем за безбедност на храната во Република Македонија согласно високите барања и стандарди на ЕУ. Зајакнувањето на административните капацитети во насока на што поефикасна имплементација на законодавството усогласено со релевантното EU acquis продолжува и во понатамошниот период и претставува краткорочен односно среднорочен приоритет на институцијата.

Работната група за Поглавје 12 одржа неколку состаноци чија динамика беше произлезена од заклучоците донесени на седниците на Работниот Комитет за Евро Интеграции –РКЕИ. На истите беше следен напредокот во однос на активностите од евроинтеграцискиот процес, а посебно активностите планирани со НПАА рев 2011 од Поглавјето 12 се дискутираа, и беа давани предлог решенија за надминување на

можните проблеми. Најголем дел од заклучоците од одржаните состаноци беа реализирани во предвидените рокови.

2. Подготовки и  резултати од одржаниот 7-тиот состанок за Поткомитетот за земјоделство и рибарство

По шест успешно одржани циклуси на состаноци на Поткомитетите во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 14 и 15 април 2011 година во Скопје се одржа седмиот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство. Поткомитетот за земјоделство и рибарство ги опфаќа следните теми во надлежност на поглавјето 12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

Со стекнувањето на кандидатскиот статус се продлабочи дијалогот, преку кој Европската Комисија го следи напредокот во исполнувањето на критериумите за членство во делот на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика. Преку овој поткомитет, се следи и одржува континуиран дијалог и едновремено, според тоа, Европската комисија ја креира платформата за напредокот кој Република Македонија

Со цел успешна подготовка на македонската делегација, која го презентира напредокот по точките од дневниот ред во периодот од 11 февруари до 30 март 2011 година беа преземени повеќе подготвителни активности за Поткомитетот и организирање на претходни технички состаноци (пред одржување на состанокот на поткомитетот) во одредени области во рамки на поткомитетот каде што беше потребно детално да се разгледаат одредени прашања. На 01.04.2011, финалната верзија што беше доставена до Европската Комисија на разгледување и коментари.

Генерално земено, 7-миот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство беше во знакот на позитивни коментари од страна на Европската Комисија за постигнатиот напредок во 2011 со ретки исклучоци каде што беше наведено дека е постигнат извесен напредок или пак резултатите, имајќи ја предвид тековната состојба, би биле постигнати во наредниот период (прашања за кои е развиена дискусија помеѓу двете страни или предложени се препораки/можни решенија). Европската Комисија го поздрави напредокот на РМ за Поглавјето 12 постигнат во 2011 година при тоа напомнувајќи дека потребно е да се продолжи со постигнување на напредок со истото темпо и во наредниот период.

3.  Изработка на Придонес кон извештајот на Европската Комисија за Поглавје 12

По доставеното барање и добиените насоки од страна на Секретаријатот за Европски прашања, Агенцијата за храна и ветеринарство во рамки на своите надлежности го подготви Придонесот кон Извештајот на Европската Комисија за напредокот на РМ во евроинтеграцискиот процес за периодот септември 2010-април 2011 во кој беше нотиран постигнатиот напредок за горенаведениот период. Според воспоставената пракса, материјалот беше подготвен хронолошки, системски, сеопфатен и со детален приказ на областите во кој е постигнат напредокот во безбедноста на храната и

ветеринарната политика преку обезбедување на квалитативни и квантитативни податоци за усвоеното законодавство усогласено со Европското acquis, како и зајакнувањето на административниот и институционалниот капацитет. Посебен акцент беше ставен на степенот на имплементација на усвоеното законодавство усогласено со Европското acquis, како и понатамошни чекори што треба да се преземат за зајакнување на административните капацитети на институцијата во насока на ефикасна имплементација на законодавството.

За да се постигне сеопфатност во изработката на материјалот беа земени предвид: коментарите на ЕК од последниот извештај (посебно во делот каде што е постигнат извезен напредок и потребно земјата да вложи понатамошни напори); препораките од 6-тиот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство и воедно обврски од страна на ВРМ; степенот на реализацијата на обврските од Претпристапното партнерство како и планираните активности од НПАА ревизија 2011.

Во текот на целиот процес на изработката беше обрнато внимание на квалитетот на материјалот, бидејќи истиот е основа за изработка на Извештајот на ЕК за напредокот на РМ и а со тоа влијае на коментарите дадени во самиот извештај.

3.2. Дополнување на придонесот кон извештајот на Европската Комисија за Поглавје 12 за периодот мај - август 2011

Исто така, според воспоставената пракса, беше извршено дополнување на придонесот кон извештајот на Европската Комисија за Поглавје 12 за периодот мај-август 2011. Со оглед на тоа што целокупниот Придонес кон извештајот на РМ беше побарано да се достави еден месец порано до ЕК за разлика од претходните години беше потребно да се вложат поинтензивни напори од страна на АХВ за навремено и квалитетно подготвување на материјалот.

4. Анализа на извештајот на ЕК за постигнатиот напредок на РМ во евроинтеграцискиот процес

По добиенот изештај од ЕК на 12 октомври 2011 година, се пристапи кон анализа на Поглавјето 12 од извештајот од страна на АХВ. Во однос на минатата година во рамки на Поглавјето 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, **постигнат е добар напредок во многу области** за кои Европската Комисија во претходниот (за 2010 година), имаше забелешки, а посебно во поглед на подготвеноста на законодавството и спроведувањето на принципите на системот HACCP од страна на деловните субјекти во прехранбената индустрија. Напредок е недоволен во однос на зајакнување на административните капацитети, поради недостаток на финансиски средства и човечки ресурси. Според тоа, Агенцијата за храна и ветеринарство понатамошниот период ќе се посвети пред сè на понатамошно и постепено зајакнување на капацитетите, имајќи ги предвид пред сè расположливите финансиски средства.

Генерална забелешка е дека подготовките во областа на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика се на добар пат.

5. Подготовка на НПАА ревизија за 2011 година – Поглавје 12

АХВ е назначена за координатор во подготовката на НПАА за Поглавјето 12 со оглед на тоа што поголем дел од активностите во поглавјето (активности во 5 од вкупно 6 подрачја) се во нејзина надлежност. По добиените насоки од СЕП на 30.10.2011 година започна процесот на подготовка на НПАА ревизија 2011 година. При изработката како на наративниот текст така и на прилозите од НПАА беа земени предвид забелешките од последниот извештај од ЕК (2011).

## II. Европско законодавство

Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на политиката за безбедност на хранат и ветеринарството во Република Македонија извршува активности поврзани со превземањето на европското законодавство во националното законодавство.

На почетокот на годината, поради новите организациски промени, активностите на одделението беа насочени кон изработка на актите за систематизација и организација на Агенцијата за храна и ветеринарство, кои подоцна беа изменети поради дополнителни интервенции во систематизацијата на Агенцијата.

Во 2011 година, изготвено е идејно решение на базата со законски и подзаконски акти за поврзување на националното законодавство со релевантните ЕУ мерки од областа на ветеринарното здравство, безбедност на храната и храната за животни и ветеринарно медицински препарати.

Во изминатата година, изготвени и усвоени се следните законски и подзаконски акти:

1) Закон за изменување на законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 136/11);

2) Закон за изменување на законот за заштита за благосостојба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/11);

3) Закон за изменување на законот за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/11);

4) Закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/12);

5) Закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на храна за животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/12);

6) Правилник за контрола и сузбивање на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2011);

7) Правилник за форма и содржина на евиденцијата на дистрибуирани и печатени обрасци на сертификати за здравствена состојба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 77/2011);

8) Правилник за ветеринарно - здравствените услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, начинот на водење на

евиденција, условите во поглед на кадарот, просториите, опремата и инструментите, начинот и условите за одобрување на тимовите за ембрио-трансфер како и официјалните контроли на семе за вештачко осеменување, јајце клетки и ембриони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2012);

9) Правилник за условите за ставање во промет на одделни видови животни и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 77/2011);

10) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на решението односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на решението за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2011);

11) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение на превозници кои вршат односно не вршат превоз на животни за долги патувања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2011);

12) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2011);

13) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за производство на ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2011);

14) Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за вршење на дејност на промет на големо односно промет на мало со ветеринарно - медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/2011);

15) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на африканската чума кај копитари во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2011);

16) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2011);

17) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на везикуларна болест кај свињите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/2011).

Акти во постапка на изработка и усвојување се:

1) Закон за идентификација и регистрација на животните;

2) Закон за ветеринарно здравство;

3) Правилник за внатрешен промет на животни од видот говеда и свињи;

4) Правилник за внатрешен промет на овци и кози;

5) Правилник за внатрешен промет на копитари;

6) Правилник за внатрешен промет на јајца за ведење и живина.

Вработените во АХВ спроведоа и три обуки во одделни единици на локалната самоуправа на тема ИПА фондови и управување со ИПА средства.

**III. Меѓународна соработка и комуникација**

Во делот на меѓународна соработка и комуникација за 2011 година остварени се следните активности:

1. Со цел да се отпочне постапка за ратификација на склучениот Договор меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министрите на Босна и Херцеговина за соработка во областа на ветеринарството, изготвен е и доставен извештај за склучениот договор до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за извршените преговори, го прифати усогласениот текст на договорот и го определи Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина за соработка во областа на ветеринарството. По потпишувањето на договорот на 11.01. 2012 година, преземени се потребните активности за отпочнување на постапката за ратификација на истиот ;

2. Согласно надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) – контрола на безбедноста на храната и храната за животни, здравствената заштита и благосостојбата на животните, ветеринарното јавно здравство и контрола на лабораториите кои даваат поддршка за потребите на АХВ – истата е корисник на специјализираните обуки во горенаведените области во организација на Генералниот директорат на Европската комисија (ЕК) за "Здравје и потрошувачи" (*DG SANCO),* поточно програмата "*Better training for safer food*", како и корисник на *TAIEX* (*Technical Assistance and Information Exchange Instrument*), инструментот со кој раководи Генералниот директорат за проширување на ЕК (*DG Enlargement).*

Во однос на *TAIEX* инструментот, во месец март 2011 година беа поднесени официјалните предлози/барања (*TAIEX* мапа за обуки) за различни *TAIEX* настани – работилници, експертски мисии и студиски посети – и тоа: 1. Ветеринарна област - 20 предлози; 2. Лаборатории – 6; и 3. Хоризонтални прашања – 2 предлога. Мапата за обуки (поточно барањата/предлозите) беше изработена врз основа на претходно извршени консултации и идентификувани потреби за обука од страна на секторите. Коментарите на предлозите од страна на Генералниот директорат за проширување на ЕК (*DG Enlargement)* беа земени во предвид и потоа се пристапи кон нивна реализација, односно подготовка на апликациони формулари за одобрените предлози, кои апликации се поднесени до Секретаријатот за европски прашања за понатамошно проследување.

Во 2011 година вкупно се реализираа 6 *TAIEX* настани со вкупно 91 учесник на истите и тоа:

1. Работилници
   - Работилница за ветеринарна контрола при увоз (AGR 43419), одржана во Гевгелија, 3-5.05.2011
   - Работилница за симулациона вежба за планот за итни мерки против Птичјиот грип (AGR 45322), Охрид, 4-5.07.2011

2. Експертски мисии
   - Експертска мисија за проценка на националната стратегија за искоренување на бруцелозата кај говедата и малите преживари (AGR 45135), одржана во Скопје, 16-21.05.2011
   - Експертска мисија за проценка на моменталната состојба на системот за идентификација и регистрација, со акцент на Централната база на податоци за идентификација и регистрација на животни, контрола на движење, вклучително и препораки за негово подобрување, (AGR 45137), одржана во Скопје, 20-23.06.2011
   - Експертска мисија за изработка на годишни мониторинг планови за живи животни и производи што доаѓаат од трети земји (AGR 47389), одржана во Скопје, 15-18.11.2011

3. Студиска посета
   - Студиска посета за принципите на ветеринарните проверки, карантинот и заштитните мерки при увоз на живи животни од аквакултурата кои потекнуваат од трети земји, а се наменети за увоз во ЕУ, (AGR 45798), Шпанија, 25-27.10.2011.

Исто така, на покана на Светската здравствена организација и Организацијата за земјоделство и храна при Обединетите нации, во Драч, Албанија, во периодот од 6-8 септември 2011 четворица претставници на АХВ земаа учество на обуката *"Strengthening capacities for effective participation in Codex process and use of Codex standards, guidelines and recommendations".*

Во Истанбул, во периодот 18-19 април 2011 година се одржа Работилница за европското законодавство за ветеринарно медицински препарати, на којшто настан, петмина претставници од АХВ беа поканети и земаа учество.

Во рамките на програмата "*Better training for safer food*" на *DG SANCO* во текот на 2011 година беа реализирани вкупно 55 обуки во странство, и тоа во 13 различни тематски области:

| Име на обуката | Вкупен број на учесници |
|---|---|
| Развој, спроведување и одржување на HACCP системите | 3 |
| Аудит на HACCP системите | 9 |
| Нус-производи од животинско потекло | 4 |
| Хигиена на храна и контролни програми: | |
| • месо и производи од месо | 4 |
| • млеко и млечни производи | 3 |
| • риби и живи бивалвни мекотели | 2 |
| Ветеринарни прегледи на граничен премин: | |
| • Пристаништа | 1 |
| • Патишта и железница | 2 |
| • Аеродром | 1 |
| Зоонози и микробиолошки критериуми за храна | 2 |
| Благосостојба на животните | 6 |
| Закон за храна за животни | 6 |
| Официјални контроли за храна од неживотинско потекло | 2 |
| TRACES | 3 |
| Здравствена состојба на пчелите и егзотичните животни | 5 |
| Здравствена состојба на аквакултурата | 1 |
| Имплементација на Аудит системите | 1 |

## IV. Стратешко планирање

Во 2011 година, согласно насоките и упатствата дадени од Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија се изготви стратешкиот план кој претставува основен документ на Агенцијата за храна и ветеринарство во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на целите и приоритетите, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период. Стратешкиот план за периодот 2012-2014 е изработен врз основа на анализа на постигнатите резултати во текот на 2010 година на Дирекцијата за храна како орган во состав на Министерството за здравство и Управата за ветеринарство како орган на МЗШВ како и постигнатите резултати во изминатата 2011 година и резултатите што треба да се реализираат до крајот на 2011 година.

## V. ИПА (IPA-Instrument for pre accession)

Во рамките на *Секторот за ЕУ и меѓународна соработка* функционира е ИПА/работна група, при што основните функции на ИПА/работната група од која произлегуваат и работните задачи на вработените се програмирање на проекти и понатамошна нивна реализација.

Во делот на програмирање основен документ кој се креира и врз основа на кој се имплементираат проекти Проектното Фише (ПФ).

Во текот на 2011 година работните задачи на вработените од ИПА/работна група произлегуваа од ПФ-а:

- *Изградба на капацитетите на ветеринарната служба во имплементација на ЕУ Acquis*- ИПА- ТАИБ 2008;
- *Изградба на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*- ИПА-ТАИБ 2009;
- *Зајакнување на административните и институционални капацитети на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*- ИПА-ТАИБ 2010;
- *Понатамошно усогласување со ЕУ барањата на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*- ИПА-ТАИБ 2012.

Врз основа на ПФ2008 (точка 1) се имплементираат следните договори:

- Договор за техничка помош кој е финансиран и се спроведува централизирано т.е преку ДЕУ;
- Договор за набавка на вакцини против беснило кој е финансиран и целосно се спроведе централизирано т.е преку ДЕУ;
- Договор за јавна набавка на стоки- ушни маркици и клешти за апликација на ушни маркици за групна и индивидуална регистрација на свињи (договор бр.11-355/13), финансиран преку буџетот на РМ за кој тендерската документација се изработи од вработените во ИПА/работната група;
- Договор за јавна набавка на услуги- изработка и инсталација на софтвер за животните од видот свињи и одржување и надградба на постоечкиот систем за животните од видот говеда, овци и кози (договор бр.11-502/9), финансиран преку буџетот на РМ за кој тендерската документација се изработи од вработените во ИПА/работната група;
- Договори за јавна набавка на стоки- лабораториска опрема (договори бр.11-419/12 и 13), финансиран преку буџетот на РМ за кој тендерската документација се изработи од вработените во ИПА/работната група;
- Договори за јавна набавка на стоки- хемикалии и реагенси (договри бр.11-442/14-33), финансиран преку буџетот на РМ за кој тендерската документација се изработи од вработените во ИПА/работната група.

Во однос на ПФ 2009 (точка 2), активностите на вработените во ИПА/работна група беа следни:

- Се изврши промена на Проектно Фише поради промената во самата институција/корисник (спојување на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство во единствена Агенција за храна и ветеринарство);
- Се изработи тендерско досие за Договор за услуги (објавен оглас на 13.12.2011) предвиден со ова ПФ.

Во однос на ПФ 2010 (точка 3), активностите на вработените во ИПА/работна група беа следни:

- Се изврши промена на Проектно Фише поради промената во самата институција/корисник (спојување на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство во единствена Агенција за храна и ветеринарство);
- Се изработи тендерско досие за Договор за набавка на вакцини (објавен оглас на 13.12.2011) предвиден со ова ПФ.

Во однос на ПФ 2012 (точка 4), треба да се напомене дека со потпишувањето на новиот Повеќегодишен индикативен документ за планирање 2011-2013 (МИПД) на 30.06.2011, започна новиот циклус на програмирање 2012-2013, поточно подготовката на проектните фишеа за првата компонента на ИПА инструментот за претпристапна помош на кој АХВ е институција корисник. Циклусот започна со поднесувањето на проектните идеи во согласност со Стратешките приоритети на ВРМ, НПАА 2011, последниот годишен Извештај на ЕК, САА, Пристапното партнерство, како и со новиот МИПД 2011-2013.

ЕК спроведе одредени измени во постапката на програмирање, почнувајќи од оваа година, согласно насоките за програмирање дадени од страна на ГД за Проширување, подготовката на ИПА проектите има секторски пристап – секторско планирање, односно концентрација на помал број на проектни идеи споени во рамките на секторски фишеа, согласно новите шест сектори од МИПД 2011-2013. АХВ како институција корисник и дел од оперативната структура на ИПА, ќе има сопствено проектно фише, а не во рамките на секторот за земјоделство рурален развој, поради подобра координација/контрола во фазата на децентрализираното имплементирање, како и мониторингот и евалуацијата на самиот проект.

Во текот на месец јули беше изработена првата верзија на фишето и доставена до Секретаријатот за европски прашања (СЕП), а потоа истото претрпе уште неколку промени/ревизии врз основа на коментарите на Делегацијата на ЕУ во Скопје, како и насоките дадени и инкорпорирани во фишето од страна на СЕП, а беа земени во предвид и насоките/забелешките на експертите во рамките на одржаните обуки за програмирање – Проект “*Technical assistance for supporting DIS institutions*”.

**VI. Инспекциски контроли од страна на Европската Комисија – ФВО (FVO -Food and Veterinary Office)**

**<u>ФВО мисија за месо и јајца од живина</u>**

Од 23-29 Октомври 2011 година, беше спроведен аудит од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (ФВО) во рамките на Генералниот Директорат за здравје и заштита на потрошувачи на Европската комисија, како нивно инспекциско тело. Мисијата е дел од планираната програма за аудит на ФВО за 2011 година за земјите членки на ЕУ, земји кандидатки и трети земји.

Целта на овој аудит беше оценување на ефикасноста на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на извршувањето на инспекциски контроли од аспект на јавно здравство во производството на месо и јајца од живина за исхрана на луѓе, наменети за извоз во Европската Унија.

Тимот за аудит беше составен од двајца инспектори од ФВО и еден експерт од земја членка на ЕУ. За време на вршењето на аудитот, претставници од АХВ го придружуваа тимот. Целта на аудитот беше да се оцени дали системот за официјални контроли за месо и јајца од живина кои се наменети за извоз во ЕУ може да обезбеди гаранции еднакви на оние кои се утврдени во законодавството на Европската унија. За таа цел тимот за аудит го оценуваше капацитетот на АХВ за имплементирање на барањата од ЕУ. За време на аудитот беа посетени: АХВ, лабораторијата на Факултетот за ветеринарна медицина, три објекти за преработка на месо од живина, една кланица за живина и една фарма за кокошки за несење јајца.

Од анализата на националното законодавство, утврдена е усогласеност помеѓу барањата во Република Македонија и барањата во Европската Унија во однос на месото од живина. Законодавството на Република Македонија во голема мера е во согласност со ЕУ регулативите за месо од живина, како и за јајца од живина. АХВ во однос на системот за безбедноста на месо и јајца од живина е добро организирана со јасно дефинирани должности.

Од страна на АХВ е воведен и се спроведува соодветен систем за официјални контроли кој е врз основа на документирани процедури. Сепак постојат некои недостатоци во однос на идентификацијата и пријавувањето на неусогласености, како и на спроведувањето на корективни мерки, евиденција на рутински официјални контроли и во однос на гаранциите за усогласеност на суровините со барањата на ЕУ. Отсуството на одобрена Национална програма за контрола на салмонела претставува пречка за задоволување на барањата за извоз на јајца од живина наменети за ЕУ.

Утврдените недостатоци од страна на инспекцискиот тим на ФВО сериозно се разгледуваат од надлежните сектори во АХВ, поединечно се постапува по нив со цел да се отстранат и подобрат. Преземените активности по препораките на ФВО тимот, понатаму се следат од ЕК и се верификуваат со нови мисии во Република Македонија.

**<u>ФВО мисија за благосостојба на животни</u>**

Аудит за благосостојбата на животните на фарми, за време на транспорт и при колење беше извршен во Република Македонија од 20 до 26 ноември 2011 година, од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (ФВО). Аудитот беше спроведен како дел од мониторингот на надлежните органи на земјите кандидати за членство во Европската Унија, во врска со транспозиција на законодавството на ЕУ во однос на ветеринарната политика, како и за примена и ефикасно спроведување на истата. Тимот за аудит беше составен од двајца инспектори од ФВО и еден национален експерт од земја членка на ЕУ.

Целта на аудитот, во контекст на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, беше да се оцени спроведувањето на ЕУ мерките во насока на заштита на животните кои се држат на фарма, заштита на животните за време на транспортот и при колење и убивање.

Констатирано е дека Република Македонија има преземено или презема мерки со цел да се прилагоди националното законодавство во согласност со барањата на ЕУ.

За време на аудитот беа посетени: седиштето на АХВ, како и подрачните единици на АХВ во Куманово и Кочани, свињарска фарма, фарма за кокошки, фарма за млечни крави, кланица, како и сточен пазар.

Голем дел од законодавството на ЕУ во врска со благосостојбата на животните е преземено во националното законодавство или е во процес на транспонирање. АХВ има преземено или презема мерки со цел да се прилагоди националното законодавство со барањата на ЕУ. Системот за официјални контроли за благосостојба на животни сеуште е во рана фаза и потребни се дополнителни напори во однос на: воведување на процедури, верификација за официјалните контроли, како и за едукација на вработените во АХВ и различни засегнати страни (вклучувајќи кланици, бизнис оператори, превозници и други одгледувачи на животни), со цел да се постигне потполно познавање за барањата од ЕУ во врска со благосостојбата на животните. По мисијата на ФВО одржана во Република Македонија во 2010, направен е прогрес во однос на препораките во извештајот на ФВО, додека за некои препораки, а посебно во врска со контролата на пазарите и колењето на животните надвор од кланици, има мало подобрување.

За процесот на контрола на благосостојбата на животните во Република Македонија континуирано се спроведуваат активности од страна на АХВ, во контекст на подобрување на системот, знаењето и вештините на официјалните ветеринари надлежни за инспекциски надзор на системот за благосостојба на животнтие

## VII. СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДРШКА

Годишниот извештај на Секторот за стручна подршка за периодот 2011 година, изработен е врз основа на анализа на реализираните активности и претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на програмите за 2012 година. Планот е во согласност и со приоритетите на Стратешкиот план 2012-2014 на АХВ и НПАА.

Реализацијата на годишниот план е и гаранција за безбедна храна и заштита на здравјето на населението во Република Македонија, максимална заштита на интересите и задоволството на потрошувачите, бизис операторите со храна и други заинтересирани страни со примена на современи научни и технички решенија од областа на храната, храната за животни и ветеринарната здравсвена заштита

Секторот реализира стручни, нормативно-правни, управно-надзорни, извршни работи во согласност со законските прописи од областа на безбедност на храна и храна за животни, учествува во работата на стручните комисии формирани од директорот на Агенцијата и реализира активности на комуникација и РАСФФ, активности за воведувањето на системите за квалитет, воспостави комуникација со лабораториите во Република Македонија, а извршува и работи за унапредување на политиката за заштита на потрошувачите.

### 6.1. Одделение за проценка на ризик

Одделението за проценка на ризик, е воспоставено со цел да ги проценува ризиците асоцирани со синџирот на храната и консеквентно дава совети и поддршка во управувањето со ризикот и при процесите на подготовка на политиката за безбедност на храна. На овој начин, придонесува за подобрување на безбедноста на храната во Република Македонија и за градење на јавната доверба. Проценката на ризикот како специјализирана област на применета наука, вклучува преглед на научните податоци и студии со цел да се евалуира ризикот асоциран со определени опасности. Крајна цел е препораката на мерки и можни опции за акција, со цел минимизирање и избегнување на ризиците по човековото здравје кои произлегуваат од храната.

**Идентификација** на опасност, **карактеризација** на опасност, **проценка** на човекова изложеност и **карактеризација на актуелниот ризик** се основните компоненти на проценката на ризикот.

Одделението за проценка на ризик обезбедува техничка поддршка во областа на проценка на ризикот. Исто така, има важна улога во колекционирање и анализирање на научните податоци со цел да се обезбеди поддршка за проценката на ризикот од најкомплетните научни извори/информации. Ова може да се реализира само во соработка со релевантни институции во земјата и особено со земјите членки на ЕУ заради собирање, размена и анализа на распространетите научни податоци.

Согласно наведеното, во Програмата за работа за 2011 година и Планот за реализација на активностите на одделението, предвидено е формирање на база на податоци на експерти и вмрежување на АХВ со научни институции, лаборатории и други партнери и национални институции вклучени во системот за безбедност на храна заради воспоставување на ефикасна и ефективна соработка и размена на информации во областа на проценката на ризикот по безбедноста на храната.

Наведените активности повлекуваат фискални импликации. Финансиските средства неопходни за отпочнување со функционирање на одделението за проценка на ризик, во тек на 2011 година не беа обезбедени.

Реализирани активности во тек на 2011 година се следните:

- Подготвен е Извештај за работа на Дирекцијата за храна за 2010 година, кој што произлегуваше од „Законот за безбедност на храната и производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната“.
- Програма за работа за одделението за проценка на ризик за 2011год. и План за реализација на активностите ,
- Предлог-Програма за работа за одделението за проценка на ризик за 2012год. и План за реализација на активностите.
- Ажурирање на Стратешкиот План на АХВ 2012-2014, во делот на Програмите што се однесуваат на Секторот за стручна поддршка
- Спроведен е процесот на оценување на државните службеници за периодот од 01.01 -30.06.2011 год.

Елаборирани се материјали од ЕФСА во однос на:

- Организациона структура на ЕФСА, нејзини задачи и функционирање, начин на подготовка на одговори за поставени прашања до ЕФСА и сл.
- Функционирање на Научниот Комитет и Научните Панели.
- Мрежи на ЕФСА.
- Советодавен Форум на ЕФСА и Фокални точки на ЕФСА
- Базата на научни експерти на ЕФСА и можности за поднесување на апликации за пристапување во истата.
- Процедура/тек за подготовка на научни мислења.
- Дефинирање и класификација на научните резултати и други публикации на ЕФСА, како што се научните мислења, изјави и насоки на Научниот Комитет/Научните Панели, изјави, насоки, заклучоци, научни извешати и образложени мислења на ЕФСА.
- Елаборирани се и корпоративните документи на ЕФСА од областа на стратегиите, науката, транспарентноста, финансиските прашања.

Обработени и преведени на македонски јазик се следните научни мислења преземени од ЕФСА:

Научен извештај за безбедноста на аспартамот (вештачки засладувач);

Научно мислење за Бисфенол А;

Здравствена информација за диоксини.

**Одделението за комуникација на ризик и RASFF**

Со цел превземање мерки за транспарентно информирање на потрошувачите и инспекторите во случај на идентификуван ризик, одделението за комуникација и RASFF, а согласно со годишниот план и програма за работа за 2011 година реализира повеќе активности.

Нотификациите од RASFF Порталот кои се следат на дневна основа, по превземање и нивна обработка се проследуваат согласно воспоставените процедури. Во 2011 година направен е превод и обработка на 52 – те недели. Обработените податоци со потребните информации се проследуваат до државните инспектори за храна, односно до официјалните ветеринари.

Во оделението преку апликацијата на RASFF Window на Европската Унија секојдневно се следи евентуално добивање на нотификации во врска со небезбедна храна пласирана на пазарот на Република Македонија, или пак извезена од земјата.

Почнувајќи од 04.02.2004година, Република Македонија добила вкупно 57 нотификации. Во тек на 2011 година, добиени се вкупно 3 нотификации преку RASFF системот, и тоа:

1. Алерт нотификација со бр. RASFF 2011.0510 за небезбедниот производ - свинско месо произведено во Белгија, со наод на резидуи од ветеринарни и медицински лекови - наод на sulfadiazine над МДК;

2. Информација нотификација со бр. RASFF 2011.1621 за небезбеден производ органски чај од камилица со наод на органофосфатни пестициди, детектиран clomasone, произведен во Република Македонија, а извезен во Данска; и

3. Алерт нотификација со бр. RASFF 2011.1792 за небезбедни материјали кои што доаѓаат во контакт со храната - меламински лажици за супа и сос, со наод на формалдехид и превисоко ниво на вкупна миграција произведени во Хонг Конг – Кина.

При направените официјални контроли, извршено е поништување на небезбедните производи и тоа 1.002,5 килограми органски чај од камилица, како и 634,95 килограми небезбедно свинско месо. По завршување на постапката во врска со добиената нотификација, подготвен е одговор и истиот е проследен до RASFF системот на ЕУ, како и до Канцеларијата на ЕУ во Република Македонија. Во него се содржани мерките кои се спроведени при постапувањето по истите.

| вид на нотификација | дата | Реф. | земја што известува | параметар | вид на производ | потекло |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Алерт | 15.12. 2011 | RASFF 2011.1792 | Германија | формалдехид над МДК и превисоко ниво на вкупна мигација | лажици за супа и сос | Хонг Конг (Кина) |
| Информација - нотификација | 16.11. 2011 | RASFF 2011.1621 | Данска | органофосфатни пестициди (clomazon) | чај од камилица (органски) | Македонија |
| Алерт | 19.04. 2011 | RASFF 2011.0510 | Кипар | резидуи од ветеринарни медицински производи и наод на sulfadiazine | свинско месо | Белгија |

<u>Одделение за обезбедување на системи за квалитет</u>

-Извршено е пребарување низ европското законодавство во врска со најновите содржини во рамките на регулативите и директивите за преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца;

- Изготвен е Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца;

- Извршено е пребарување низ европското законодавство во врска со најновите содржини во рамките на регулативите и директивите за адитиви во храната;

- Учество во изготвување на кореспондентни табели за Правилникот за адитиви во храната;

- Присуство на тродневна експертска мисија за европската легислатива за додатоци во храната, храна за посебна нутритивна употреба и здравствени тврдења во организација на TAIEX DG ENLARGEMENT, Скопје;

- Присуство на дводневна работилница за означувањето на храната и нутритивните и здравствените тврдења во организација на TAIEX DG ENLARGEMENT, Скопје;

- Присуство на петтиот дводневен состанок на мрежата за проценка на микробиолошки ризик на BIOHAZ панелот во организација на EFSA, Парма, Италија;

- Присуство на дводневен Конгрес за хигиенско инженерство и дизајн 2011 година во организација на EHEDG, Охрид;

- Присуство на четиридневен работен состанок за официјални контроли согласно Регулативата 32004R0882 во рамките на SIDA проектот, Скопје;

- Присуство на еднодневна обука за транспонирање на законодавството на ЕУ во законодавството на РМ во организација на Секретаријатот за законодавство и OSCE, Скопје;

- Ревидирање на Прирачникот за акредитација на инспекциското тело согласно стандардот ISO 17020:1998;

- Континуирано следење на новините во врска со системите за обезбедување на квалитет;

<u>**Одделение за заштита на потрошувачи**</u>

Во Одделението за заштита на потрошувачи заради градење и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на безбедноста на храната, и јакнење на системот за безбедност на храната во Република Македонија, во текот на 2011 година реализирани се повеќе активности:

- Изготвено е упатство за постапување по претставки и предлози и истото е дисиминирано до инспекторите кои постапуваат по претставките и предлозите. Упатството е поставено на веб страницата на АХВ;
- Направен е увид во предметите за постапувањата по претставките и предлозите и изготвени се известувања до подносителите (78);
- Извршено е евидентирање на поднесените претставки и предлози во базата на податоци и направена е анализа на податоците. Истото е реализирано преку следните активности:
    - ***упишување на  податоците во прегледот*** (база на податоци) на поднесени претставки и предлози
    - ***обработка  и анализирање на  податоците*** – се анализира перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната
    - ***изготвување на евалуација***, која ги покажува резултатите од анализата
    - ***доставување на евалуацијата*** до секторите во Агенцијата, со цел при планирањето на активностите да ја земат во предвид перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната

- Направени се подготовки на материјали за поставување на Web  страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство, во делот што ќе се користи за  информации и совети за потрошувачите.
- Изготвен е извештај на Агенцијата за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2011 година за доставување до Министерството за правда.
- Изготвени се стручни мислења и информации во врска со заштита  на потрошувачите.
- Реализирани се активности од „Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2011-2012 година“ , што ја донесува Владата на Република Македонија.

Активности од Програмата

Склучен е договор за соработка со граѓанското здружение „Организација на потрошувачите на Македонија. Изготвени се и отпечатени седум публикации согласно со Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2011-2012 година:

- Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет на потрошувачите;
- Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет за бизнис операторите;
- Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет за инспекторите;
- Брошура: „Адитиви во храната и потрошувачи;
- Брошура: „ Додатоци на исхраната;
- Брошура: „Храна за посебна нутритивна употреба;
- Брошура: „Храна збогатена со витамини и минерали;

Водичите низ Законот за безбедност на храната треба да допринесат во процесот на имплементирање на Законот, додека Брошурите имаат повеќе информативно-едукативен карактер и се наменети за потрошувачите. Тие даваат одговор на одредени прашања поставувани од потрошувачите и треба да дадат придонес во подигањето на свеста на потрошувачите.

Публикациите кои се наменети за потрошувачите се дисеминирани до малопродажните места на пултови во поголемите продавници и маркети, низ градовите во дражавата, за да бидат достапни за потрошувачите. Истите се поставаени и на веб страницата на АХВ.

Дефинирана е временската рамка за промовирање на публикациите со организирање на настани /промоции/ во градовите: Куманово, Велес, Дебар, Неготино, Делчево, Македонски Брод, Струмица, Виница и градот Скопје.

- Реализирани се активности за соработка со граѓанскиот- невладиниот сектор /Организација на потрошувачите на Република Македонија и други/ заради спроведување на политиката за соработка со граѓански организации, при што се одржани повеќе работни средби.
- Претставник од одделението зеде учество на состаноци за подготовка на НПАА за поглавјата 3.28, Заштита на потрошувачи, изготви месечни и годишни извештаи за напредокот во ова поглавје врзано за заштита на потрошувачите од областа на безбедноста на храната.
- Претставник од ова одделение како член на Координативното тело за надзор над пазарот зеде учество на состаноците и активностите. Ова тело донесе „Упатство за соработка на органите за надзор на пазарот со царинската управа на Република Македонија од аспект на надзор на пазарот и безбедност на производите. Координативното тело исто така организира координирани активности за надзор на пазарот.

**Евалуација на претставки и предлози за периодот јануари-декември 2011 година**

Во одделението за заштита на потрошувачи се анализирани причините и прашањата (опасностите и ризиците), на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од потрошувачите во областа на безбедноста на храната, за периодот од јануари до декември 2011 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната. Извршената евалуација го покажа следните податоци:

**Вкупно поднесени евидентирани претставки 138**

| **Наводи во претставки** | **Број на претставки** |
|---|---|
| 1 ДХП, ДПП, НАССР /контролни системи/ | 18 (13%) |
| 2 Безбедност на вода и безалхохолни пијалоци | 13 (9,4%) |
| 3 Контаминенти и резидуи | 12 (8,7%) |
| 4 Влијание врз околината | 12 (8,7%) |
| 5 Без одобрение/ регистрација | 11 (8,0%) |
| 6 Квалитет | 10 (7,2%) |
| 7 Измама и заблуда | 9 (6,5%) |
| 8 Дистрибуција,продажба од подвижни објекти | 9 (6,5%) |
| 9 Сомнеж за труење | 7 (5,1%) |
| 10 Органолептички изменети производи | 7 (5,1%) |
| 11 Несоодветно означување | 6 (4,3%) |
| 12 Производи со поминат рок на употреба | 6 (4,3%) |
| 13 Додатоци во исхраната, диететски производи | 6 (4,3%) |
| 14 Здравствена заштита на животните | 4 |
| 15 Здравст. состојба на лица кои работат со храна | 3 |
| 16 Останати | 3 |
| 17 Ветеринарни медицински препарати | 1 |
| 18 Откуп на млеко | 1 |
| | |
| **Вкупно** | 138 |

Најмногу од претставките што ги поднеле потрошувачите во периодот од 01.01. 2011 до 31.12.2011 година се однесуваат на:

- неприменување на контролните системи за ДХП, ДПП и НАССР од страна на бизнис оператотите со храна;
- безбедноста на водата и безалхохолните пијалоци; и
- присуство на контаминенти и резидуи во храната, како и влијание на објектите за храна врз околината.

Во врска со ваквата анализа се препорачува да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:

- проверка на воспоставените контролни системи кај бизнисите со храна (аудит);

- дополнителни контроли на безбедноста на безалхохолните пијалоци, вклучувајќи го означувањето и аспектите за заштита на потрошувачите од измама и заблуда;
- при контролите да се вклучат активности за контрола на контаминенти и резидуи; и
- посебно да се обрне внимание на контолата вентилационите системи во објектите за храна.

Овие податоци се доставени до сите сектори во АХВ со цел при планирањето на активностите да се земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите (перцепцијата на потошувачите за ризиците и опасностите од храната).

*Табела на споредбен приказ на бројот на поднесени претставки по години*

| **Година** | **Број на претставки** |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |

Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од потрошувачите/граѓаните, во обласста на безбедноста на храната од 2009 година има нагорна линија, со тоа што во 2010-та година е најголем бројот на поднесоците, за да направи пад во 2011 година.

Со анализата што е направена, се заклучува дека ваквиот тренд на покачувањето во 2010-та година се должи на унапредувањето и развивањето на потрошувачката политика и соработката со граѓанските организации и граѓаните, во областа на безбедноста на храната. Се реализираа повеќе активности со кои се зголеми информираноста и едуцираноста на потрошувачите за начинот на поднесувањето на претставки и предлози до надлежните, како и правата и обврските за учество на потрошувачите во системот за безбедност на храната во Република Македонија. Падот на бројот на поднесените претставки во 2011 година, кој не се смета за голем, може да биде резултат на унапредувањето на системот за безбедност на храната.

**Оделение за координација и контрола на лаборатории**

- Ажурирање на листата на акредитирани методи во лабораториите во Република Македонија, листа на референтни лаборатории.
- Посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија со експертот од SWEDAC (SIDA) од 22.02-03.03.2011 година, со цел да се следи напредувањето на опфатените лаборатории во врска со нивна акредитација.

- Втора Посета на лабораториите на центрите за јавно здравје низ Македонија кои се опфатени во официјална контрола, од 17-ти мај до 26 мај 2011
- Подготовка на Финален и заклучен извештај до JICA за постигнувањата на акционен план со тема Развој на ефикасноста на лабораториите за тестирање на храната, произлезен од претходната обука за Безбедност на храната и контрола на квалитетот, одржана во Јапонија (JICA) .
- Учество во подготовка на повеќегодишен контролен план на Агенција за храна и ветеринарство во соработка со експертот за лаборатории од Латвија.
- Воспоставена е Комуникација со Институтот за акредитација на РМ, како и следење на новите технолошки и научни достигнувања од обласа.
- Посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија заедно со експертот на SWEDAC (SIDA) OD 20-ти до 27-ми септември 2011 година.
- Учество на обуката за транспонирање на законодавството на Република Македонија одржана во Скопје, од Секретаријатот за законодавство.
- Четврта посета на лаборатории за анализа на храната низ Македонија, со цел да се следи унапредувањето на истите лаборатории во процесот на акредитација, од 15-ти до 18-ти ноември 2011, во соработка со SWEDAC (SIDA) од Шведска
- Учество на семинар за запознавање со системот за официјална контрола во Шведска и земање на мостри при официјална контрола на храна и материјали што доаѓаат во контакт со храната, одржана од 13-1 декември 2011 во Скопје, од SIDA.
- Учество на обука за означување и контрола на пазарот одржана во Скопје, од страна на Food Safety Authority of Ireland, од 01 до 02 февруари 2011 год.

**<u>Активности спроведени за реализација на ИПАРД Програма 2007-2013.</u>**

Согласно Договорот за соработка на АХВ и АФПЗРР, Секторот ги реализира сите активности на подесените барања од страна на АФПЗРР за ИПАРД Програмата 2007-2013 во договорениот временски термин.

Од поднесените 27 барања, комисијата и одговорното лице овластени од страна на Директорот со увид во приложената проектна документција, утврдија дека истата е во согласност со националните прописи и прописите за безбедност на харана на Европска Унија.(Regulation EC no 852/2004of the European Parliament and of the Council of 29 April 2004 on the Hygiene of Foodstuffs) на 26 барања, а едно бањање е одбиено.

Поднесени се 6 (шест) барања за издавање на Потврда за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршување на инвестицијата. Со увид на објектите и набавената опрема на правните субјекти со записник е утврдено дека се исполнети условите за усогласеност на основ издадените мислења на основ проектната документација и реализираната инвестиција .

Издадени се 6 (шест) Потврди за усогласеност на објектот и набавената опрема со националните прописи и стандардите на ЕУ по завршување на инвестицијата .

## VIII. Одделение за внатрешна контрола

<u>Општо</u>

Во Законот за безбедност на храната, во членот 77 (5) е одредено дека Агенцијата за храна и ветеринарство спроведува внатрешна контрола и подлежи на надворешна контрола и превзема соодветни мерки во зависност од резултатите на контролите, за да обезбеди дека се постигнати целите на Законот. Овие контроли се спроведуваат на независен и транспарентен начин.

Одделението за внатрешна контрола е посебна организациона единица на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за храна и ветеринарство член 13 точка 3 алинеја 3 каде се определува дека Одделението за внатрешна контрола го организира вршењето на внатрешната контрола.

Одделението за Внатрешна контрола претставува посебна организациона и својата работа ја изведува на независен и транспарентен начин и за истата директно го известува Директорот на Агенцијата. Ова Одделение е одговорно за програмирање и спроведување на:

- **Внатрешна контрола** врз работата на Државните службеници во Агенцијата со што се обезбедуваат принципите за професионализам и стручност во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство со строго почитување на Законските прописи и другите акти донесени во врска со работата и работењето на Агенцијата;
- **Внатрешен аудитн на официјалните (службените) контроли** со што се обезбедува дека активностите и резултатите на Организационите единици во Агенцијата за храна и ветеринарство соодветствуваат со планираните цели. Внатрешниот аудит на официјалните контроли се организира да се утврди дали Секторите и Одделенијата во Агенцијата за храна и ветеринарство (Организационите единици) работат во согласност и доследно ги применуваат пропишаните законски прописи, стандардни постапки, упатства, насоки, процедури итн. Внатрешниот аудит во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува на систематски базиран пристап врз принципите на независност и професионалност.

<u>Законодавна рамка</u>

Концептот на внатрешна контрола и внатрешен аудит на официјалните контроли за првпат беше промовиран во Агенцијата за храна и ветеринарство во 2011 година. Во втората половина од 2011 година Одделението за внатрешна контрола ја подготви и донесе ***Програмата за работа на Одделението за внатрешна контрола за 2011 и 2012 година***, со оваа Програма беа јасно програмирани активностите за работата на Одделението до крајот на 2012 година.

Исто така, Одделението за внатрешна контрола го подготви и донесе ***Правилникот за работа на одделението за внатрешна контрола*** со кој се пропишува начинот на

постапување на Одделението за внатрешна контрола на Агенцијата за храна и ветеринарство при извршување на внатрешен аудит; контрола на квалитетот на работењето на државните службеници, на организационите единици во Агенцијата за храна и внатрешна контрола за утврдување на појави на незаконито постапување на државните службеници од Агенцијата при вршење на работите од нивните надлежности, инспекцискиот надзор и контрола; евиденција, како и посебната заштита на државните службеници вработени во Одделението за внатрешна контрола.

Во периодот до крајот на 2011 година Одделението изврши ***анализа на европското законодавство и меѓународните стандарди*** за воспоставување на ***Систем за внатрешен аудит на официјални контро***ли во Агенцијата за храна и ветеринарство. Посебно внимание беше посветено на Регулативата 882/2004/ЕЦ за службените контроли и Одлуката 2006/677/ЕЦ која даваат насоки како да се спроведе аудитот во согласност со Рег. 882/2004 како и ISO 19011:2002.

**Извршени контроли**

Во 2011 година Одделението за внатрешна контрола изврши *2 внатрешни контроли.* Првиот случај беше вонредна внатрешната контрола, направена врз основа на добиени информации, односно индикации за неправилности за работа на Официјален ветеринар во извозна кланица до раководството на Агенцијата.

Во вториот случај извршена е внатрешна контрола по Претставка за работата на официјален ветеринар поднесена од страна на Оператор со храна.

Во двата случаи, по наредба на Директорот Одделението изврши подготовка при што беа анализирани сите релевантни законски прописи. Потоа беше извршена контрола на лице место при што беше извршено интервју со Официјалните ветеринари, Раководителите на одделениата и одговорните лице од Операторот со храна. За извршената внатрешна контрола, наодите и недоследностите, Одделението изготви Извештај со предлог корективни и превентивни мерки и истиот беше доставен до Директорот на Агенцијата.

**Обуки**

Во 2011 година направена е обука во САД за еден вработен од Одделението согласно програмата "**Cochran Fellowship Program**". Исто така направен е план за обука од програмата на **ГД SANCO "Подобар тренинг за безбедна храна" – BTFS** но овие обуки ќе се одржат во 2012 година.

**Соработка со странски проекти**

Во 2011 година е детектирана потребата за поддршка на воспоставување на Системот за внатрешен аудит на официјалните контроли во Агенцијата за храна и ветеринарство и направени се првичните преговори и договори со Проектот во

Агенцијата *“Capacity building of the veterinary service for implementation of EU Acquis Service Contract n Europe Aid/1245686/C/SER/MK*“ за поддршка на воспоставувањето на Системот за внатрешен аудит на официјалните контроли која поддршка ќе биде остварена во 2012 година.